**Вклученост на родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво во Берово, Кавадарци и Кочани**

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

Оваа анализа е изработена со финансиска поддршка од Австриската развојна агенција(АДА) и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) во рамките во рамките на проектот Мрежата за родово одговорно буџетирање 2, во чии е рамки е подржан проектот „Вклученост на родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво“.

Содржината на овој документ е исклучиво одговорност на Здружението за социјални иновации и одржлив развој РАДАР и не мора да ги споделува или одразува ставовите и толкувањата на Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Австриската агенција за развој и Шведската агенција за меѓународен развој

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД

ДЕЛ I - РОДОВИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ПЛАНОВИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ОПШТИНИТЕ БЕРОВО, КАВАДАРЦИ И КОЧАНИ

1. Општините како субјекти во системот за заштита и спасување и управување со кризи на локално ниво

2. Родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво

2.1. Обврски за вклучување на родовата перспектива во локалните планови за заштита и спасување и управување со кризи и кризни ситуации

2.2. Родова интеграција и родово одговорно буџетирање

2.2.1. Родова интеграција

2.2.2. Родово одговорно буџетирање

3. Преглед на планови за заштита и спасување и управување со кризи од ровова перспектива на ниво на општина согласно законските обврски

ДЕЛ II- ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

II.1. Ситуација со противпожарната заштита

II.2. Резултати од истражување спроведено во основните училишта во општините Берово, Кавадарци и Кочани

**Вовед**

Единиците на локалната самоуправа имаат значајна и клучна улога во управувањето со кризите на локално ниво и не случајно се идентификувани како едни од субјектите во системот за управување со кризи.

Последиците од катастрофите се чувствуваат најмногу на локално ниво, но и придобивките од успешните политики за намалување на ризици најмногу се согледуваат на локално ниво. Со оглед на тоа што опасностите во најголем дел од случаите имаат локални и специфични карактеристики, па оттука и потребно е да се развијат локални стратегии и планови кои ќе ги третираат овие специфични потреби, како и да се воспостават механизми за нивно следење, оценување и дополнување и подобрување на истите согласно локалните специфики.

Родовата компонента во кризни ситуации е од повеќекратно значење. Вклучување на жените во политиките на управување со катастрофи и препознавање на ризици има за цел пред сè, подобрување на општата положба на жените во средината во која живеат преку ангажирање на нивните капацитети и вештини ***пред, во текот и после опасностите/кризите***, како и нивно вклучување при изработка на **документите од областа на заштитата, спасувањето и управувањето со кризи** вклучувајќи ги следните фази: **превенција, подготвеност, одговор, закрепнување и обнова**. Природните катастрофи носат негативни последици за целата заедница, но нивниот досег кога се во прашање жените и останатите ранливи категории на граѓани се многу поголеми. Во кризни ситуации се зголемува степенот на ранливост на жените и тие често стануваат жртви на семејно и сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе и други облици на експолатација особено кога се надвор од своите домови и раздвоени од своето семејство.

Во изработката на сите релевантни планови и програми за заштита и спасување (како што се *Локални планови за заштита и спасување, Локални програми за справување со кризи и катастрофи, Локални оперативни планови, Планови за ризици и опасности од катастрофи*) неопходно е да се вклучат и жените, како и претставници на други ранливи категории граѓани како би се постигнало во плановите на сеопфатен начин би биле опфатени потребите на разлилни категории на граѓани и како истите би биле вклучени во развивање и оспособување на системите на заштита на локално ниво. Плановите за заштита и спасување треба да бидат претставени пред сите граѓани на територијата на локалните самоуправи преку постоечкиот систем на месни заедници или на било кој друг начин да се направат достапни за сите граѓани на соодветната општина.

Овој извештај е поделен на два дела. Во прввиот дел се прави анализа на законските обврски на општините во однос на законите и подзаконските документи поврзани со Заштита и спасување, управување со кризи и родовата еднаквост, како и анализа на локалните планови во општините Берово, Кочани и Кавадарци.

Вториот дел од извештајот е посветен на истражување за употребата на противпожарните апарати во основните училишта во трите општини и кратка анализа на плановите и буџетите за противпожарна заштите во општините, како сектор каде може да се најдат соодветни информации и да се поврзе со наодите од истражувањето во училиштата.

Дел 1- Родовите перспективи во плановите за заштита и спасување и управување со кризи во Кавадарци, Кочани и Берово

## 1. Општините како субјекти во системот за заштита и спасување и управување со кризи на локално ниво

Значајната улога која ја имаат општините како дел од системот за заштита и спасување и управување со кризи на локално ниво, како и мерките и активностите кои треба да ги преземаат како во нивната секојдневна работа, така и во ситуации на криза, се дефинирани и утврдени во неколку закони и подзаконски акти, кои се подетално анализирани подолу во текстот.

**Закон за локална самоуправа**

**Законот за локална самоуправа**[1], во чл 22 ги наведува листата на надлежности на општините каде што во став 1, точка 10 и 11 јасно наведува дека општините имаат надлежност за „спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;" и се надлежни за вршење на „Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;".

**Закон за управување со кризи**

**Законот за управување со кризи**[2] во Македонија, кој го уредува системот за управување со кризи од аспект на организација и функционирање, одлучување и употреба на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирањето и финансирањето, како и други прашања сврзани со системот за управувањето со кризи.
Според овој закон, системот за управување со кризи се организира и остварува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија (во натамошниот текст: Републиката) или дел од неа, а за кои не постојат услови за

---

[1] https://mls.gov.mk/images/laws/zakoni/Zakon%20za%20lokalnata%20samouprava.pdf
[2] („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) достапен на https://cuk.gov.mk/wp-content/uploads/2023/06/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B8-%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B2%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D1%80.-215-2021-1.pdf

прогласување воена или вонредна состојба.
Според чл 2 од овој Закон, системот за управување со кризи го остваруваат органите на државната управа и органите на државната власт (Собрание, Претседател и Влада), вооружените сили како Армијата на Република Македонија, силите за заштита и спасување и органите на општините и на градот Скопје (во натамошниот текст: општините и градот Скопје).
Па оттука, според овој закон кој што е носечка регулатива во областа на управување со кризи во Македонија, општините имаат обврски:

- заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба да вршат процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдуваат потребите и да ги планираат ресурсите. (чл 5); *во случај да не се спроведе оваа одредба, истот закон во чл 54 предвидува прекршок односно глоба глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во субјектот учесник во системот за управување со кризи* (чл. 54)

- донесуваат програма за ревитализација на општините по елиминирањето на кризата; - ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општините и - одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општините (чл 5)

- имаат обврска во своите акти за организација и систематизација да утврдат работни места за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба. (чл 9); *во случај на не утврдување на работни места, согласно законот е предвидена глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во субјектот учесник во системот за управување со кризи (чл. 54)*

- имаат обврска да учествуваат во обука, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба. (Чл 10)

Според чл 8 од „**Уредбата за организирање, планирање и спроведување на обуки и вежби кои се спроведуваат во системот за управување со кризи**“[3] , обуки и вежби може да планираат и реализираат и субјектите кои го остваруваат системот за управување со кризи, што значи дека и општините може да планираат и реализираат ваков вид на обуки и вежби и за реализација на овие активности, од страна на општините како субјекти во системот за управување со кризи се поднесуваат планови кои се разгледуваат и одобруваат од страна на Центарот за управување со кризи.

---

[3] Службен весник на Република Македонија‟ бр. 29/05, достапно на http://demo.cuk.gov.mk/files/Uredba-obuki-vezbi-SUK.pdf

**Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјеките во ситемот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената**

Врз основа за Законот за управување со кризи, Владата на Република Македонија во месец јануари 2011 година, донесува „Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјеките во ситемот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената“, според која Процената на загрозеноста на подрачјата на општините и на Градот Скопје од сите ризици и опсаности се изработува во надлежниот регионален центар за управување со кризи, во три идентични примерока, од кои првиот останува во регионалниот центар, вториот се доставува до Советот на општината/Градот Скопје, а третиот се доставува до Центарот за управување со кризи. (чл 10 и чл 15).

**Законот за заштита и спасување**

**Законот за заштита и спасување**[4], во чл 6, став 1, точка 4 јасно наведува дека општините (покрај другите наведени субјекти во законот) се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперетивните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.
Во овој закон е предвидено дека Собранието на МК донесува Национална стратегија за заштита и спасување за временски период од пет години (чл 8), а потоа советите на општините треба да донесат годишна програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на националната стратегија за заштита и спасување (чл 9).
Според член 10, заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, меѓу кои и општините, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.
Понатаму во чл. 11, се вели дека Планот за заштита и спасување се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи. Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општината ја донесува советот на општината. Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општината го донесува советот на општината. (чл 13). Пред донесувањето на Планот, носителите на планирањето се должни да ги достават на мислење на Дирекцијата за заштита и спасување која е должна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на плановите да даде мислење, кое носителите на планирањето се должни да го вградат во плановите.(чл 14)
Законот за заштита и спасување во посебна глава (чл 34, 35 и 36) ги дефинира надлежностите на единиците на локалната самоуправа, каде што се вели:
„Во остварувањето на заштитата и спасувањето Советот на единицата на локалната самоуправа ги

[4] https://dzs.gov.mk/public/storage1/files/phpBtzyLY.pdf

врши следниве работи:
1) одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;
2) донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;
3) заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди или и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во:
- гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничкотехнолошки и други несреќи;
- расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;
- укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;
- заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;
4) ја следи подготвеноста на единицата на локалната самоуправа за заштита и спасување;
5) одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа;
6) одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и
7) одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа.“
Според член 35, во остварувањето на заштитата и спасувањето на подрачјето на единицата на локалната самоуправа, градоначалникот врши низа на работи наведени експлицитно во овој член. За извршување на стручни работи во врска со надлежностите на единицата на локалната самоуправа во областа на заштитата и спасувањето, градоначалникот назначува одговорно лице за заштита и спасување или формира одделение.
Во Законот за заштита и спасување, е предвидена и посебна глава која се однесува на мерки за заштита и спасување, кои се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер и овие мерки се подготвуваат и спроведуваат од страна на Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите. Како урбанистичко-техничка мерка за заштита и спасување, меѓу другите, е и засолнувањето, каде што „единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.“ (чл.64)
Како дел од предвидените мерки кои единиците на локалната самоуправа, заедно со другите субјекти во системот за управување со кризи на локално ниво, „се должни да имаат и соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди“ (чл. 69).
Понатаму во член 94, каде што се дефинирани силите за заштита и спасување и нивната улога, стои

дека Републичките сили за заштита и спасување се формираат за дејствување во подрачјата на определен број на општини, кои според своите природно географски карактеристики претставуваат заокружена целина и истите ги формира Републиката, додека пак „просторните сили за заштита и спасување се формираат за дејствување на подрачјето на општината, а ги формираат единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите. Видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување со уредба ги уредува Владата.“
Законот за заштита и спасување има и посебна глава која се однесува на начинот на финансирање на заштитата и спасувањето, каде што јасно е наведено дека „Финансиските средства за единиците на локалната самоуправа за потребите на заштитата и спасувањето се обезбедуваат од нивните средства во согласност со закон.“ (чл. 123)

**Методологија за проценка на опасности (Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето)**

Врз основа на Законот за заштита и спасување, Владата на Република Македонија, има донесено „Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето“ која е наменета за сите учесници во системот за заштита и спасување, што значи и за единиците на локалната самоуправа. Со оваа методологија се утврдува содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето во случај на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.
Подолу се оздвоени неколку планови кои согласно оваа методологија, е потребно да ги имаат општините во републиката:

- *План за заштита и спасување од пожари* (точка 7) кој подразбира подготовки и спроведување превентивни мерки за попречување на избивањето пожари како и подготовки и спроведување мерки за гасење на пожарите и санација на последиците од пожарите. Планирањето на заштитата и спасувањето од пожари од страна на единиците на локалната самоуправа и сите други субјекти кои се учесници во системот за заштита и спасување подразбира: организирање и подготовка на силите за гасење на пожарите, организирање на набљудувањето и известување за појавите на пожар, гасење и локализирање на пожарите, спасување на луѓето и материјалниите добра од објектите и подрачјата загрозени со пожари.

Планот за заштита и спасување од пожари треба да содржи: - потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од пожари; - организација на превентивните мерки за заштита од пожари во стамбени, деловни и други објекти; - преглед на потенцијалните зони на пожари (шумски површини, магацини и складови на стопанските, воени и други институции, запаливи објекти и слично); - преглед на единиците за заштита од пожари и противпожарните друштва со планот за употреба на истите по реони и објекти; - преглед на формациските и прирачни средства за гасење пожари кај трговските друштва, јавни претпријатија, установи и служби и куќните совети; - шеми на запаливите објекти, противпожарните правци и водни станици со упатство за употреба и приоритети.

- План за заштита од неексплодирани убојни средства (точка 8) поточно *единиците на локалната самоуправа ги планираат мерките за обележување на опасните зони и начинот за санација и известување за опасностите.*
- *План за асанација на терен* (точка 12)
- *План за заштита на животната средина и природата* (точка 13)

**Уредба за спроведување на мерката за заштита и спасување – евакуација на населението[5]**

Според оваа Уредба, планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на евакуација на населението се врши од страна на органите на државната управам органите на единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва. Па така, субјектите кои ја спроведуваат евакуацијата на населението треба да предвидат: - евиденција на населението кое подлежи на евакуација според населбите и утврдените критериуми; - начин на спроведување на евакуацијата (собирни места, правци на движење, број и вид на превозни средства, број и вид на екипи за логистичка поддршка, потребни материјални ресурси и др.); - број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население; - преглед на учесниците во спрпведувањето на евакуацијата; - вид, количина и начин на обезбедување на потребните материјални ресурси за евакуираното население со утврдени временски рокови; - можности за снабдување со храна, вода, електрична енергија, комуникациски врски и друго во населбите во кои е сместено евакуираното население; - проверка и сервисирање на обезбедените материјални ресурси; - склучување на потребни договори; - пополнување на силите за заштита и спасување кои учествуваат во спроведувањето на евакуацијата со персонал и материјални ресурси; - и едукација, обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и населението.

Пред донесувањето на евакуационите планови, носителите на планирањето, во нашата анализа тоа се единиците на локалните самоуправи, се должни плановите да го доставата на мислење на Дирекцијата за заштита и спасување.

## 2. Родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво

### 2.1. Обврски за вклучување на родовата перспектива во локалните планови за заштита и спасување и управување со кризи и кризни ситуации

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите[6], воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Согласно

---

[5] Службен весник на РМ, бр. 101 од 27.07.2010 година
[6] Службен весник број 201 од 16.11.2015 година

Законот, еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

Единиците на локалната самоуправа за постигнување на целите на Законот, во рамките на своите надлежности[7] се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку превземање на основни и посебни мерки и да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат основните и посебните мерки. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година е основен стратешки документ на Република Северна Македонија со кој се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените. Визија на Стратегијата е постигнување родова еднаквост во општество во кое жените и мажите, девојчињата и момчињата, имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот, како услов за целокупен и одржлив економски, демографски, социјален развој и напредок на земјата, односно општество во кое жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко партнерство. Стратегијата се заснова на принципите на законитост, јавност, транспарентност, одговорност, отчетност и меѓу секторска соработка.

## 2.2. Родова интеграција и родово одговорно буџетирање

### 2.2.1. Родова интеграција

Во 1995 год на Четвртата светска конференција на Обединетите нации за жените одржана во Пекинг, разработена е стратегија за третирање на родовата рамноправност како општествено прашање. Со интеграцијата на родовиот аспект во јавниот живот родовата рамноправност станува дел од јавната политика и родовите прашања влегуваат во политичкиот дискурс.

Gender mainstreaming или родова интеграција претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

---

[7] Каде што спаѓаат и областите Заштита и спасување и Противпожарна заштита (утврдени и во буџетскиот циркулар)

Родовата интеграција вклучува **идентификување на потребата од промена** во агендата на сите политики, програми, активности и се спреведува преку:

- Анализирање на постојната ситуација
- Идентификување на нееднаквостите
- Развивање на политики кои имаат за цел да ги редуцираат овие нееднаквости

Се применува во секоја област, на секое ниво, во секоја политика, програма или проектна активност.

Вклучување на жените во политиките на управување со катастрофи и препознавање на ризици има за цел пред сѐ, подобрување на општата положба на жените во средината во која живеат преку ангажирање на нивните капацитети и вештини ***пред, во текот и после опасностите/кризите***, како и нивно вклучување при изработка на **документите од областа на заштитата, спасувањето и управувањето со кризи** вклучувајќи ги следните фази: **превенција, подготвеност, одговор, закрепнување и обнова**. Природните катастрофи носат негативни последици за целата заедница, но нивниот досег кога се во прашање жените и останатите ранливи категории на граѓани се многу поголеми. Во кризни ситуации се зголемува степенот на ранливост на жените и тие често стануваат жртви на семејно и сексуално насилство, жртви на трговија со луѓе и други облици на експолатација особено кога се надвор од своите домови и раздвоени од своето семејство. Особено во ризична и тешка положба се наоѓаат младите жени, жените носители на еднородителски семејства, жени со мали деца, стари жени и жени со инвалидитет. Кога на ова ќе се додаде и товарот во одржување на одредени животни релации во кризни ситуации, што најчесто паѓа на жените и ја зголемува нивната одговорност за грижа за другите членови на семејството што дополнително ја влошува положбата на жената и влијае на степенот на нејзина ранливост.

Иако кризните ситуации допринесуваат за поголема ранливост на женскиот дел на популацијата, жените не треба да ги третираме само како жртви, туку треба и да ги препознаеме нивните потенцијали, затоа што тие се носители на клучни капацитети во изградување на заедницата. Од тој аспект, е навистина значајно жените да се вклучат во креирање на јавни политики на сите нивоа и на тој начин да се обезбеди еднакво учество на сите категории на популацијата во сите процеси во општественото живеење. Креаторите на јавните политики треба да ги препознаат специфичните потреби на жените и да го уважат фактот дека жените учествувата во важни аспекти на животот и и дека нивната улога во планирање, одлучување и санирање на последиците од природни катастрофи е огромна.

*Главни прашања за родова инеграција во политиките*

- Дали потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата се препознаени и земени во предвид?
- Дали жените и мажите, девојчињата и момчињата подеднакво ги носат одлуките?
- Дали жените и мажите, девојчињата и момчињата имаат еднаков пристап до ресурсите? Контрола врз ресурсите?

- Дали жените и мажите, девојчињата и момчињата подеднакво имаат корист од ресурсите?

Родовата интеграција ги почитува разликите помеѓу жените и мажите (го вклучува и принципот на **intersectionality**, односно не се зема предвид само родот/полот туку и расната, класната, етничката и верската припадност, возраста, попреченост итн)

### 2.2.2. Родово одговорно буџетирање

Буџетот е најважниот инструмент за спроведување на владините политики и програми и во таа смисла е најмоќната алатка во трансформацијата на општеството која може да одговори на потребите на различните групи граѓани (жени, мажи, девојки, момчиња, возрасни лица, лица со посебни потреби, лица под социјален ризик и сл). Буџетот ги засега мажите и жените на различни начини, одразувајќи ја распределбата на моќта донесување на одлуки во општеството, социјално-економските диспаритети и различните социјални улоги кои ги имаат мажите и жените.

Родово одговорното буџетирање го разгледува буџетот од поинаква перспектива и подразбира креаторите на политики, во рамките на своите надлежности, да ја вклучат родовата перспектива во креирањето политики, стратешки планови и буџети, и да ги следат ефектите од нив, односно да ги земат предвид разликите во социо-економскиот и политичкиот статус на жените и мажите.

РОБ не се однесува на делење на државните пари 50-50 меѓу мажите и момчињата од една страна, и жените и девојките од друга страна. Едноставната поделба 50-50 може да изгледа иста, но често не е праведна ниту фер. Наместо тоа, со РОБ се разгледува целиот буџет од родова перспектива за да се процени како тој ќе одговори на различните потреби на жените и мажите, девојчињата и момчињата, и различните групи жени и мажи, момчиња и девојчиња. РОБ ги зема предвид родово специфичните предизвици и различни пречки со кои се соочуваат мажите и жените кога пристапуваат на пазарот на трудот, во јавното здравство, социјалните услуги и процесите на одлучување, како и за признавање на придонесот што жените го прават за економијата преку својот неплатен труд (грижа за семејството, нега и грижа на болни и немоќни членови на семејството, таканаречената економија на нега и грижа), а што треба да се гледа како суштински фактор во креирањето и спроведувањето на политиките.

Примената на родово одговорното буџетирање ја подига свеста на различните чинители за родовите прашања и за родовото влијание врз буџетот и политиките. Тоа доведува до поголема одговорност на владата, а буџетите и политиките се адаптираат кон реалните потреби на жените и мажите, што води кон унапредување на родовата рамноправност во општеството.

## ***3- Преглед на планови за заштита у спасување и управување со кризи од ровова перспектива на ниво на општина согласно законските обврски***

### 3.1. ОПШТИНА БЕРОВО

Локалната самоуправа на општина Берово на 08.06.2023 има донесено План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Советот на општината одлуката за донесување на овој план ја усвојува врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи[8], член 13 став 1 од Законот за заштита и спасување[9] како и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање за заштитата и спасувањето спасувањето[10].

Овој план опфаќа:

- Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи
- План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи кој содржи:
- План за евакуација
- План за заштита и спасување од пожари
- План за прва медицинска помош
- Преглед на силите за заштита и спасување (припадници и МТС)
- Дневник за активностите во заштитата и спасувањето
- Работни карти за следење на состојбата

Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се заснива на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

Во проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, општината ги има согледано следните видовите на загрозеност: загрозеност од земјотреси и урнатини; од снежни навеви, лавини и луњи; од пожари и експлозии; од епидемии на заразни заболувања; од поплави и уривање на високи брани.

*Загрозеност од земјотреси, урнатини*

Територијата на општина Берово не спаѓа во загрозените подрачја од земјотреси и не се предвидуваат земјотреси со разорни ефекти но можни се тектонски движења со помал интензитет. Според Сеизмолошкиот Завод Скопје и Геолошката карта, градот Берово е лоциран на (карпест предел) од (палеозојски карпи) со структури како антиклинориуми и синклинориуми кои припаѓаат на родопската зона. За ова подрачје со посебно внимание треба да се гледа кон скопското сеизмичко подрачје поради неговата близина од 150км со најголем случен земјотрес на 26 јули 1963 со магнитуда од 6,1 Mw на длабочина од 6 км бидејки протегањето на сеизмоактивниот фактор е во правец североисток-југозапад на кој се можни афтоктони движења.

---

[8] („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21

[9] („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21

[10] Службен весник на Република Македонија" Бр.76/06

На подрачјето на општината нема сеизмички жаришта, но се пренесуваат од соседните жаришта. Според скалата на МЦС (Меркали-Цанцани-Свеберг) на подрачјето на општината се можни земјотреси од прв до четврт степен што не значи дека не се можни земјотреси од петти степен па и поголеми.

*Загрозеност од снежни навеви, лавини и луњи*

Снежните навеви, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на граѓаните и вработените во општината. Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на ЕЛС Берово.

Според статистичките податоци просечниот број на денови со снежна наметка во општина Берово изнесува 20-40 дена во зимскиот период, снежни врнежи кои би можеле да предизвикаат големи наноси од снег, а со тоа и затрупување на улиците и главните комуникации, а посебно потесниот центар на градот.

Иако основна задача за расчистување од снежни навеви Општина Берово ја доделува на ЈПКР-Услуга ,,Берово,, кое располага со потребна механизација и средства сепак обврска на општината е да го очисти приодниот пат и да се поврзе со главната сообраќајница.

*Загрозеност од поплави и уривање на високи брани*

Проценка на загрозеност од дејство на поплавите на територијата на Општина Берово е резултат на географско-топографските карактеристики на самата Општина, хидролошката состојба на Беровско езеро, реките, притоките и каналитево во градот, климатските особености и нивните нагли промени и наглото топење на снегот на планините и не представуваат поголема опасност за на општина Берово.

Највисок степен на ризик има за с. Ратево кое е прво на удар при пукање и хаварија на лачната бетонска брана на Беровско езеро. Опасност од поплава постои при поројни врнежи, неисчистени и затнати природни водотеци и канали како и неисправност на канализациона и хидрантската мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

Подолу во проценката ги има разгледано потребите и можностите за организација во општината и раководење со заштита и спасување, па така општината има формирано Штаб за заштита и спасување како и универзална единица и единица за провивпожарна заштита. Овој документ се завршува со потточки кои се однесуваат на оспособеноста на самата општина како и на вработените за заштита и спасување.

***Родова перспектива:***

Она што можеме да го согледаме е дека општината при подготвувањето на проценката не ја има земено во предвид родовата компонента и како овие природни непогоди и други несреќи би се одразиле на жените, која е нивата улога во превенцијата и сл. Отсуството на родовата компонента е особено видливо во следниве делови:

- Па така во точата 2, која се однесува на „Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста“, е наведено дека „Појавата на епидемии на заразни болести може да предизвика намалување на бројот на вработените во поедини ситуации поради

претпазливост,...“, притоа не е определено која група на вработени ќе бидат тоа, дали ќе имаат предност лица со одредени заболувања, лица со одредени попречености, жени или пак друга категорија на запослени.

- Во делот кој се однесува на бројот на вработени и нивната структура исто така не е запазена родова и старосна дисегрегација на податоци, односно не е наведено колку од вработените се мажи, а колку жени, на која возраст се, дали има лица со одредени попречености и сл., и дали можеби на некоја од овие категориии на вработени би им била потребна поголема поддршка во случај на настанување на некоја несреќа или природна непогода.

- Во точката 3) која се однесува на загрозеност од пожари и експлозии, е наведено дека сите вработени се оспособуваат за брзо и ефикасно локализирање на пожар и спречување на негово ширење, но изостанува колку жени се обучени, дали има доволно ПП апарати со соодветна тежина кои би ги користеле и жените и сл.

- Во истата точка е дека во случај на пожар, последиците од пожар би се одразиле по целокупното работење на општина Берово бидејќи би се уништила целокупната архива и сметководство, компјутерската мрежа, инвентарот односно сите документи и податоци за општината со кои располагаат, сепак иако се идентификувани последиците, не е наведено дали имаат одредени алтернативни планови како би ги заштитиле податоците, дали би се чувале во огноотпорни сефови/плакари или би се правела електронска архива и сл.

- Во точка 4) Загрозеност од епидемии на заразни заболувања е наведено дека општината константно и постојано презема одредени мерки за здравствена заштита и редовни систематски прегледи и следење и евиденција на здравствена состојба на вработените. Тука отсуствува дали се предвидени и специфични прегледи за жените односно гинеколошки прегледи.

- Исто така Општина Берово има формирано и Штаб за заштита и спасување како и универзална единица и единица за провивпожарна заштита. Во овој дел од родов аспект, недостасува составот на Штабот за заштита и спасување, дали има жени, колку е нивниот број, која е нивната улога, односно дали имаат позиција каде имаат одлучувачка моќ и сл.

- Исто така во делот каде што е наведено дека раководењето со ЗС во установата ќе се одвива преку раководните структури и надлежните за безбедност и здравје при работа, отсуствува колку од надлежните за безбедност и здравје при работа се жени и колку при носењето на одлуките се земаат предвид специфичности кои се поврзни со женското здравје и биолошките карактеристики на жените и соодветно на мажите.

- Во овој документ е исто така наведено дека вработените имаат поминато обука како теоретска така и практична од областа на прва помош, евакуација и заштита и спасување, но повторно отсуствува родова и старосна поделба на податоци со цел да се има појасна слика.

- Во делот на оспособеност на вработените во општината за заштита и спасување, наведено е дека има обучено вработени од областа Противпожарна заштита од стручна и овластена установа и тоа со предавања и практична обука за употреба на противпожарните апарати и хидранти. Исто така има обучено и лица за пружање прва медицинска помош и лица за вршење на евакуација и спасување. И во овој дел не е видлива родовата компонента односно отсутвува колку жени се обучени, за кој дел од заштитата и спасувањето, колку противпожарни апарати ила и која килажа и сл.

План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи содржи три плана, и тоа: - План за евакуација; - План за заштита и спасување од пожари; - План за прва медицинска помош. Сите три плана содржат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување. Плановите се изработени согласно член 8 од Законот за Управување со кризи, Законот за заштита и спасување и Законот за безбедност и здравје при работа[11].
Важно е да се напомене дека во содржината на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи е наведено дека има и неколку посебни документи (и тоа: -Преглед на силите за заштита и спасување (припадници и МТС); -Дневник за активностите во заштитата и спасувањето; -Работни карти за следење на состојбата) истите ги нема односно не се достапни во документот, а оние што ги има се нецелосни, односно отсуствуваат информации.

***Родова перспектива:***
При разгледувањето на овој План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, пропратен со погоре наброените планови, се наметнуваат неколку прашања како од безбедносен аспект односно од аспект на заштита и спасување така и од аспект на родова перспектива.

- Во воведниот дел на Планот за евакуација е наведено дека истиот го изработува Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина, се наведува лице кое е задолжено за чување и спроведување на планот и е наведено кој има пристап до истиот. Иако подолу во планот е наведено дека е предвидено вработените да се запознаат со постапката за евакуација, се наметнува прашањето дали сите вработените се запознати со целокупниот План за евакуација да имаат целосна слика односно дали е извршена презентација на планот на вработените, дали ја знаат својата улога и како да постапуваат.

[11] (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

- Во делот кој се однесува на проодноста на Патиштата за евакуација каде стои дека се одржуваат секогаш проодни и во нивна близина се забранува складирање на лесно запаливи материјали, се наметнува прашање дали некој го контролира тоа и колку често.

- Во превентивниоте мерки во Планот за евакуација е предвидена обука на одреден број на работници за евакуација и спасување (по еден на 20 вработени) согласно Законот за безбедност и здравје при работа. Тука е пожелно да се наведе како се селектираат вработените кои ќе бидат обучени, дали сите во општинската администрација знаат кои се тие вработени, колку се на број, мажи и жени, и старосна структура.

- Во Планот за заштита и спасување од пожари во оперативните активности и мерки за време на траење на опасноста-пожарот, предвидено е вработените кои ќе се затечат на местото на пожарот веднаш да пристапат кон гасење на пожарот со ПП апарати, хидранти и други формациски и прирачни средства (песок, земја, кебиња...) како и да го прекинат доводот на струја (лавна склопка, трафостаница), а за извршител е предвидено да биде било кој од редот на вработените. Ни се наметнува за размислување дали вработените, и жените, се информирани како би требало да постапат во случај на пожар односно дали занаат каде е главната склопка и како се прекинува доводот на струја? Дали апаратите се пристапни и лесно може да се оперира со нив? Колку жени вработени се запознаени со овие работи и можат да ги обавуваат?

- Подолу во оперативните активности и мерки е предвидено и укажување прва медицинска помош на повредени, изгорени и затруени со чад и преземање натамошна постапка за нивно згрижување во здравствени установи, а како извршители се вработените. Во текстот не е наведено дали некаде има противпожарни маски – портабл маски кои би требале да ги имаат лицата задолжени за евакуација на пример?

- Важно е да се напомене дека кај предвидените обуки за вработените, освен родовата и возрасната структурата на вработените кои учествуваат во сите погоре наведени обуки, важно е да се нагласи дали се проверуваат вработените и колку често колку од превентивните и оперативните мерки и активности знаат и се во состојба да ги примернуваат

**Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за општина Берово**

Општината Берово има усвоено детален Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за општина Берово кој се однесува не само на општинската зграда туку на целата територија на општината. Овој план е донесен <u>во март 2015 година</u> и содржи детална анализа на природните карактеристики на општината, детална процена на опасност од поплави и мерки за заштита од

поплави. Овој документ има и 16 прилози кои опфаќаат корисни информации.

**Програма за заштита од штетно дејство на водите**

Во месец ноември 2022 година, Советот на општина Берово, донесува Програма за заштита од штетно дејство на водите, поточно Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2023 година.

**ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВИ**

**1.1. Истражување за случени поплави на подрачјето на општина Берово**

Анализите на податоците покажуват дека подрачјето на општина Берово во минатото не било зафатено од поплави кои предизвикале загуби на живот или предизвикале повреди на лица. Во минатото најчесто се поплавувало земјиштето покрај течението на реката Брегалница. Податоците за настанатите поплави на подрачјето на општина Берово се земени од ИНДОК базата на РЦУК Берово, дневните извештаи на РЦУК Берово и книгата за дежурство на РЦУК Берово.

**1.2. Определувањена потенцијалните извори на загрозување на безбедноста при појава на поплави**

Подрачјето на општина Берово располага со богат хидрографски потенцијал сочинет од сливот на реката Брегалница која еглавен реципиент за прифаќање на површинските води од Малешевскиот и Пијанечкиот регион, односно во неа се влеваат сите помали реки и водотеци од овој регион. Територијата на општината припаѓа на два различни слива и тоа на Брегалница и Струма.Поголеми притоки на Брегалница се: Пехчевска, Ратевска, Умленска, Каменичка и Џаволов дол, кои гравитираат на север кон малешевската котлина. Циронска река е притока на реката Струма. Мали делови од сливното подрачје припаѓаат на реката Осојница, која тече кон Кочанско поле. Безгаштевска река тече на југ кон Струмичко поле и Плавија во југозападниот дел на подрачјето.

Главни причинители за појава на поплави се:

- Обилни врнежи од дожд
- Нагло топење на снег
- Неисчистени речни корита и канали
- Излевање на води од речни корита и канали заради неуреденост на истите
- Неапсорбирање на атмосферската вода во канализацијата во градот Според извршените анализи подрачјето на општината Берово може да биде изложено на поплави од:
- Поплави од излевање на реки
- Поплави од интензивни врнежи од дожд

**1.3. Проценување на веројатноста за појава на поплави**

Поплавите како природна непогода го погодуваат и подрачјето на општина Берово, меѓутоа заради одредени хидрографски и географски карактеристики на ова подрачје истите не можат да бидат од големи размери и како природна непогода не претставува голема опасност за загрозување на луѓето и материјалните средства.Исто така ридско планинскиот амбиент на општината овозможува формирање на поголем број планински водотеци, со мали сливни површини и кратки должини кои во текот на летниот период пресушуваат.

*Реката Брегалница* на подрачјето на општината Берово со своето течение го дели градот Берово на два дела. При обилни врнежи од дожд како главен реципиент реката го зголемува водостојот и постои веројатност од поплавување на земјоделско земјиште во атарите на селата Владимирово, Мачево, Смојмирово, како и Митрашинци, а може да дојде и до однесување на дел од земјоделската површина поради честото меандрирање на коритото на реката. Поголемиот дел од текот на реката низ градот е регулиран. При зголемување на водостојот на реката постои веројатност да бидат загрозени домовите на почеток на градотот од десната страна и куќи од левата страна на течението на реката кои се во нејзина непосредна близина и се наоѓаат покрај делот од коритото на реката кој не е регулиран.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

**Превентивни мерки**

Превентивните мерки ги вклучуваат сите мерки и дејствија превземени за да се спречи појава на поплави и ублажување на последиците од нивните дејства Заради спречување на негативните ефекти од излевање на водотеците при зголемен водостој се спроведуваат превентивни мерки, за заштита од поплави и тоа:

- Навремено чистење на речните корита;
- Регулација на речните корита и поројници и одржување на регулираните делови од речните корита и поројници
- Изградба на заштитни насипи на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести излевања;
- Одржување на отворените канали за одвод и атмосферските води во градот.
- Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави нивно обучување и оспособување за превземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови.
- Пополнување, обучување, оспособување на единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор;
- Контрола на системот за водоснабдување од загадување
- Градење инфраструктура отпорна на протекување
- Чистење на седиментацијата, градење на насипи.
- Развивање свесност за рамничарските делови дека се подложни на поплави.
- Градење куќи со цел да бидат отпорни на поплави (со водоотпорни материјали, силни темели).

Во заштитни работи исто спаѓаат и пошумување, чистење на вегетација, затревување, подигање на вештачки ливади, мелиорација и друго.

***Родова перспектива:***

При разгледувањето на Мерките за заштита од полави недостасува делот дека посебно внимание ќе се обрати во тимовите кои ќе се обучуваат за брз одговор да бидат вклучени и жени. Заради родовите улоги, жените повеќе време поминуваат во домашни услови и потребни се дополнителни обуку за жените што можат да направат во услови на поплави за спасување на децата, постарите како и на животните.

**3.2. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

Советот на Општина Кавадарци во 2020 година има донесено План за заштита и спасување на подрачје на општина Кавадарци. Со овој план се предвидени превентивни и оперативни мерки и други дејства за заштита и спасување од природни непогоди како и потребните средства за негово извршување, наведен е и органот или субјектот што ќе раководи со истиот.

Планот како документ има за цел да направи квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организацијата, подготовка и работа на субјектите во системот на управување со кризи.

Изложеноста на територијата на Општината на ризикот од поплави, земјотреси, пожари, епидемии и друго, повеќе години наназад, укажува дека поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот. Покрај тоа сериозни влијанија предизвикуваат и последиците од економксата дејност и непочитување на мерките за заштита на природната и животната средина од производните процеси

Во овој план се содржани:

- План за Заштита и спасување за Асанација на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување за Евакуација на населението на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување на Животна средина на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Засолнување на населението и материјалните добра на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување за Прва медицинска помош на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување од пожари на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување за радиолошка-хемиска и биолошка заштита на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување од урнатини на подрачјето на Општина Кавадарци;
- План за Заштита и спасување за згрижување на население на подрачјето на Општина Кавадарци

**Оперативен план за заштита и одбрана од поплави**

Опративен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци, изработен по претходна согласност од Центарот за управување со кризи. Со Оперативниот план се предвидуваат превентивни, оперативни мерки и други дејства за заштита и одбрана од поплави и потребните средства за негово извршување, како и органот или субјектот што ќе раководи со заштита и одбрана од полави. Оперативниот план како документ има за цел да направи

квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организацијата, подготовка и работа на субјектите во системот на управување со кризи.

Изложеноста на територијата на Општината на ризикот од поплави, предизивикани од излевање на природните водотеци, излевање на водата од брана „Тиквеш“ при појава на обилни и поројни дождови. Повеќе години station наназад, укажува дека поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот. Покрај тоа сериозни влијанија предизвикуваат и последиците од економската дејност и непочитување на мерките за заштита на природната и животната средина од производните процеси.

Подрачјето на Општина Кавадарци со своите специфични карактеристики, како што се: географска положба, климатски услови – суша, поројни дождови, град, силни ветрови, хидрографија – водотеци, социо – економски обележја, густина на населението, старосна структура, комуникации, животната средина, природни и културно историски богатства, присутноста на стопанските и индустриските капацитети, како и други останати елементи се предуслов за повторна појава на ризици и опасности кои се случувале во минатото, а кои очекувано е да се случуваат и во наредниот период (големи порои, поплави, излевање на реките и акумулациите „Тиквеш“ и езерото„Моклиште“).

Случувањата – искуствата од минатиот период укажуваат на фактот дека Општина Кавадарци, со своите специфични карактеристики, има средно подложен профил на ризици и опасности, кои пак со присуството и влијанието на актуелните и потенцијалните случувања денес, генерирани од различни извори на настани и појави (опасности), можат да предизвикаат големи штети на животот, здравјето, како и објектите и инфраструктурата.

**Мерки и активности за заштита и одбрана од поплави**

Општина Кавадарци има неколку мерки и активности кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

**Превентивни мерки**

- Уредување и чистење на речните корита во урбаниот дел на градот и населените места

- Уредување и чистење на речните корита надвор од урбаните делови на градот и населените места
- Чистење и одржување на одводни канали и атмосферска канализација
- Чистење на нанос пред мостови по течението на речните корита
- Уредување на пороите и доловите
- Дел за заштита и спасување од пожари
- Дел за прва медицинска помош
- Дел за заштита и спасување од поплави
- Дел за згрижување и евакуација
- Заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општина Кавадарци
- Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Кавадарци
- Следењето на водотеците е една од мерките за превенција од поплави, со секојдневните мерења на водотеците со мерни инструменти се добива подетална слика на водотеците, нивниот интензитет на движење по годишни времиња и периоди. Со тоа би се створила подобра слика на течението за неговиот интензитет и висина на водостојот, кои понатаму би користеле за изготвување на конкретни превентивни мерки за заштита од истото. Во нашата општина нема мерни места за мерење на водотеците на реките, мереше се врши само на висинската кота на браната на Тиквешко езеро.
- Уредувањето и чистењето на речните корита е исто така значајна превентивна мерка која би го намалила ризикот од излевање и предизвикување на штети. Самото уредување на речното корито се состои од тоа да по целото корито се израдат повеќе прегради кои ќе ја намалат брзината на водата. Исто така чистењето и редовното одржување на речното корито е значајна превентивна мерка, истото да се чисти од секаков вид на нанос или дрвја кои би го попречиле движењето на водата и нејзино излевање од коритото.

- Редовно чистење и одржување на одводните канали на подрачјето на општината.
- Мостовите кои се по течениjата на речните корита треба редовно да се чистат односно да се чисти насобраниот нанос и гранки околу нивните стопи за да би се овозможило

непречено движење на водата во коритото. Овие наноси и гранки кои се собираат на стопите од мостовите се чест причинител за рушење или оштетување на мостовите.

- Уредувањето на поројниците е една од поважните превентивни мерки за заштита од поплави. Уредувањето на поројниците се состои во тоа што по должината на истиот се градат прагови и прегради кои ја намалуваат брзината на движење и ударната моч на водата која се собира во нив од обилните врнежи. При нивното уредување во долните делови односно пред нивното влевање во реките или во атмосверските канализации се градат и таложници кои ги прифаќаат сите крупни материи кои ги носи самиот порој (гранки, камен, земја и др.). Како уредувачка мерка на поројниците се и шумско мелиоративните мерки како пошумувањето на целото сливно подрачје односно поројница, со тоа количеството на вода кое би паднало на таа површина во голема мера ќе се впие во почвата а останатиот дел со многу мала брзина би се слевал по поројницата. Пошумувањето како мерка треба да се применува на сите потецијални ерозивни подрачја и голини. Како видови кои се испитани и најпогодни за такви терени а се и автохтони се следните: *Rubinia Pseudoakacia* – Багрем, *Salix Alba* - Врба, *Fraxsinus excelsior* – Јасен, *Ulmus Effusa* – Брест како и разни видови на грмушки кои успеваат на овие терени.
- При изградба и реконструкција на хидроградежни објекти и ифраструктура доследна примена на прописите за урбанизам.

**Оперативни мерки**

Во справувањето и остранувањето на последиците од поплави, надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите оперативни мерки за заштита од поплави како што се:

- Увид од надлежните на речните корита кои се зафатени од поплавите, проценка на загрозеност на подрачјето кое е зафатено и одредување на критични точки на кои треба првично да се интервенира.

- Организирање на населението по урбани заедници, формирање на тимови за

интервенирање и нивно опремување со неопходен алат за расчистување.

- Ангажирање и екипирање на сите Јавни претпријатија во надлежност на Општината Кавадарци со цела расположлива работна сила, алат и механизација.

- Ангажирање на сите трговски друштва со кои Општина Кавадарци има склучено договори за интервенирање во случај на поплави и други елементарни непогоди.

- Извлекување на загрозеното население од поплавените и загрозените објекти нивно згрижување и сместување во други простории доколку е тоа потребно (во соработка со црвениот крст на општина Кавадарци).

- Правење на насипи од вреќи со песок во случај кога имаме сознание дека нивото на водостојот би се зголемил.

- Рушење или отстранување на некој препреки кои го попречуваат движењето на водата и предизвикуваат дополнително излевање.

- Испумпување на водата од поплавените објекти, расчистување на улиците и дворовите од наносот од (земја, камења, гранки и др.) и нивно изнесување на места определени за таа намена (депонија Мелци).

- Превземање на мерки за проверка и санирање на водоводната и канализационата мрежа во регионот кој е зафатен од поплавата.

- Барање помош од соседните општини и повисоките надлежни државни институции (помош бара Градоначалникот на Општината).

- Известување на населението кое е зафатено од поплавата и на сите други во пошироката околина.

- Известување на надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Минерстерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Центар за јавно здравје, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за состојбата во поплавените подрачја и загрозеноста на населението.

***Родова и безбедносна перспектива:***

При разгледувањето на Планот за заштита и спасување на подрачје на општина Кавадарци, заедно со погоре наброените планови кои се составен дел на овој носечки документ, се наметнуваат неколку прашања и препораки како од безбедносен аспект односно од аспект на заштита и спасување така и од аспект на родова перспектива.

Генерален впечаток е дека е неопходно потребно податоците да се проверат и да се ажурираат, затоа што планот е од 2020 година, па се претпоставува дека во одредени податоци сигурно има промена која би можела да се одрази на целокупнитот систем на локално ниво за заштита и спсување.
Исто така видливо е дека скоро сите планови не содржат родова компонента односно при утврдување на мерките и активностите не се наведуваат и не се земаат предвид потребите на жените и мажите поединечно. Видливо е само дека во неколку наврати е наведено дека при постапување се дава приоритет на деца, деца без родители и стари лица. Исто така, доколу се располага со соодветни податоци, да се додадат информации за неподвижни лица, лица со физички инвалидитет и сл.

- Планот започнува со опис на подрачјето на Општина Кавадарци, каде што е пожелно во при ажурирање на документот во делот на описот за населението да се додадат податоци од последниот попис структурирани по пол, по возраст, и доколку има достапни информации да се стават податоци за лица со порεченост, односно лица на кои им треба помош при движење и дали има скитници или лица без пристап до информации.

- Во делот кој се однесува на пошуменост и друга вегетациска покриеност, да се додаде дали има промена во последните три години во шумскиот фонд кој се наоѓа на подрачјето на Општината.

- Во делот каде што се опишани климатските услови каде што се наведува број на сончеви денови, доколку има податоци, добро е да се додаде каква е состојбата за последните три години во однос на намалување/зголемување на температури и број на сончеви денови, затоа што истите се предуслов за одржливо земјоделство, особено на лозарството што е карактеристично за подрачјето на Кавадарци.

**План за Заштита и спасување за Асанација на подрачјето на Општина Кавадарци**

- За успешно спроведување на Планот за заштита и спасување за асанација на подрачјето на Општина Кавадарци е формиран и Општински штаб за заштита и спасување, но во текстот освен наведената улога и надлежности на овој штаб, отсуствуваат информации за составот на штабот, колку има жени и мажи, кој ги предлага и кој ги бира членовите, која е нивната поединечна улога и сл. Исто така подолу во текстот е наведено дека овој штаб има Командант, Началник, помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени, но повторно отсуствуваат информации за начинот на нивно назначување, од кои структури најчесто доаѓаат овие позиции и сл.

- За воспоставување и одржување на ред во настрадани зони, се ангажираат силите за заштита и спасување каде што за нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, општината Кавадарци во планот има предвидено дека „командата на единиците одредува определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во

настраданата зона“. Пожелно е да се дополни со информации дали овие припадници имаат некаква обука, по кој критериум се избрани, кој сѐ е информиран за улогата на овие лица и сл.

- Подолу во текстот се вели дека „Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.“ Во овој дел при ажурирање на планот да се дополни како ќе се определува на кои од настраданите лица прво ќе им се пружи помош, односно дали има одреден приоритет и ако има кои се критериумите за истиот.

- Исто така е предвидено дека „За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли.“ каде што исто така се наметнува прашањето дали при спроведување на оваа акција се дава одреден приоритет на катергорија на граѓани и според кои критериуми.

- Со оглед на тоа што планот е од 2020 година, потребно е истот да се ажурира со податоци од последниот попис особено во делот на статистиката за граѓаните, на пр.во делот ма Преглед на бројот на жители по кои се евакуираат по месните и урбаните заедници на територијата на Општина Кавадарци. Исто така е пожелно да се вклучат и податоци за број на неподвижни лица и стари лица кои не можат сами да се движат, што е особено значајна информација во при спроведување на евакуација.

**План за заштита и спасување за евакуација на населението на подрачјето на Општина Кавадарци**

- Во воведниот дел на овој план е наведено дека општината е „спремна за вакви итни случаи да ангажира транспортни средства за лицата од загрозените региони па се до прифатилиштата.“ Добро би било да се дополни со повеќе информации за можниот капацитет на прифатилиштата, критериуми за прифаќање на граѓаните, одговорни лица за манаџирање и сл.

- Овој план изобилува со доста скратеници, па пожелно е да се направи легенда со објаснување на значењето на скратениците затоа што планот треба да е разбирлив за сите граѓани.

- Во овој план во „Прегледот на Одбори за евакуација по месни заедници во градот Кавадарци“ недостасуваат контакт телефони од одговорните лица, а некаде недостасуваат и имињата на одговорните лица.

- Во делот каде што е даден „Преглед на планирана евакуација на населението од градските Месни Заедници по категории“ е направен навистина прегледен и детален приказ. Добро би било да се наведе како е дојдено до бројките и дали се претпоставени и на кој начин.

- Во „Преглед на материјалните добра кои се евакуираат, количините, кој и каде ги евакуира“ во еден дел недостасуваат информации каде се евакуираат добрата и кој е задолжен за тоа.

- Кај „Прегледот на моторни возила со кои се извршува евакуација по видови, обезбедување, правци на движење и број на турите“ потребно е да се направи ревизија односно да се проверат бројките и да се ажурираат доколку е потребно. Исто така се наметнува прашањето кој ги обезбедува возилата, дали тие физички и правни лица кои се сопственици на возилата се информирани за тоа, како се информираат за оваа обврска и кој ги има контактите.

- Во „Прегледот на бројот на жителите кои се евакуираат пеш, самостојно кај свои роднини“ недостасуваат комплетно податоци.

- Во точката која се однесува на „Број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население“ е наведено дека индивидуални куќи, домови, основни школи и други поволни објекти со кои се располага во предвидените места се предвидени за сместување на евакуирано население и дека истите ќе се одредат во наредниот период по извршениот увид на лице место, со напомена дека се можни и одредени поголеми измени во зависност од конкретната ситуација и видот на непогодата и условите во кои истата е појавена. Па така, прашањето е дали се одредени и како.

- Подолу во текстот се наведува дека според моментното расположивите сознанија предвидените места за евакуација, генерално располагаат со поволни објекти за извршување на предвидената евакуација , но во повеќето има потреба во доуредување или употреба на шатори. Тука се наметнува прашањето што значи поволно, дали се осветлени, дали има тоалети, колку се „сигурни места“, дали вратите на тоалетите се заклучуваат, дали има алтернативни извори на електрична енергија и вода на пример.

- Во Прегледот на субјекти-институции за кои се во надлежност на на Општина Кавадарци, со број на вработени и расположиви алати, опрема и средства за заштита и спасување, се наметнува прашањето кој ја проверува опремата и врши дополна на истата и кој ги обучува вработените.

**План за заштита и спасување на животната средина на подрачјето на Општина Кавадарци**

- Во воведниот дел на овој план стои дека животната средина и природа во Општина Кавадарци се особено загрозени и дека има присутни проблеми од оваа област кај претпријатијата и разни трговски друштва и организации кои се занимаваат со оваа дејност или вршат производство и промет на овие производи или продукт. Добро би било да се наведат кои се тие проблеми и какво влијание имаат врз животната средина.

- Значителен дел од текстот е идентичен со Планот за заштита и спасување за асанација на подрачјето на Општина Кавадарци особено во делот на организација на Општински штаб за заштита и спасување, Командант, Началник, помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени. Дали истите одредби се применуваат и во овој план или станува збор за нешто друго.

- Во „Мерки и задачи за заштита на животната средина" пожелно е да се дадат поконкретни мерки и активности кои би се преземале, затоа што вака поставени се само наведени законските обврски без прецизирање и адпатирање на локалните потреби и специфики на животната средина во општината.

- Во „Објекти како можни извори за загадување на животната средина" се наведени субјекти како потенцијални загадувачи. Дали има некоја промена во последните три години, кој ги контролира, на колку време, какви мерки се преземаат доколку се утврди дека има одредено загадување на животната средина?

**План за заштита и спасување за засолнување на населението и материјалните добра на подрачјето на Општина Кавадарци**

- Во воведниот дел на овој план е наведено дека на територија на Општина Кавадарци има изградено вкупно 13 засолништа со капацитет од 2000 засолнишни места. Важни прашања поврзани со ова се: Кој ги контролира засолништата? Што е утврдено? Дали има потреба од нивна санација? Дали има осветлување, дали има функционални тоалети со врати кои се затвораат? Како ќе се обезбедуваат залихи на храна и вода?

- И овој план како и останатите треба да се ажурираат со податоците од последниот спроведен попис.

- Според овој план произлегува дека 50% од предвидените лица за засолнување би останале без потребното засолниште. Самата општина согледала дека ваквата ситуација налага потреба од подетална анализа на оваа проблематика со цел стварање услови за задоволување на реалните – оптимални потреби. Прашањето е дали е во меѓувреме направена ваква анализа, и ако е направена да се наведат согледаните наоди.

- Од постоечките засолништа за основна заштита кои се на број 13, 12 се оспособени за престој на капацитет од 2000 засолнишни места, а во планот е напоменато дека поради нередовно одржување и проблемот со атмосферските и подземните води неколку во моментот се вон функција  што значи дека треба да се смета на помал капацитет. Главно и важно прашање е кој е надежен за одржување, дали е контактиран, дали се преземени мерки и активности за ставање во функција на засолнишните места. Исто така пожелно е за овој дел да се направи табела во која ќе се внесе преглед на капацитет, фукционалност, надлежен за одржува и други релевантни информации.

- Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др. Како се одржува соработката, колку често, кои се лицата кои се вклучени?

**План за прва медицинска помош на подрачјето на Општина Кавадарци**

- Првото прашање кое се наметнува е дали овој план беше функционален за време на Ковид пандемијата, кои се научени лекции и искуства и дали истите се дополнети во актуелниот План за прва медицинска помош.

- Да се провери дали има одреди промени во средствата и опремата за прва медицинска помош со која располагаат здравствените установи и колку често се прпверииваат транспортни средства за итна интервенција.

**План за заштита и спасување од пожари во Општина Кавадарци**

- Наведено е дека се врши ажурирање на планот за заштита и спасување од пожари. Да се дополни кој го прави тоа и колку често и врз основа на кои наоди.

- Во делот кој се однесува на вршење обука за правилно ракување со средствата за против пожарна заштита, потребно е да се наведат подетални податоци. Вака поставени се премногу општи и делуваат декларативно.

- При правењето на Преглед на единиците за заштита од пожари, да се дадат податоци кои се полово структурирани, како и да се наведе опременоста на единиците.

**План за заштита и спасување од поплави во општина Кавадарци и на отворени простори**

- Во воведниот дел кој се однесува на Хидрографската мрежа, вид  и количина на атмосферски и други води е наведено дека во населените места и градот изградени се голем број на бунари за вода, артериски бунари и природни чешми кои се користат за снабдување

на населението со вода за пиење. Добро е да се додаде на колку време се контролираат, дали и кој има евиденција за бунарите и кој следи количина на вода.

- При дефинирање на потенцијални извори на загрозување – опасности од поплави, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на подрачјето на општината Кавадарци, отсуствуваат поплави предизвикани од поројни дождови поради климатските промени. Препорачливо е истите да се додадат во листата на потенцијални извори на загрозување, односно опасности од поплави.

- При дадениот Преглед на објекти и инфраструктура од подрачјето на општина Кавадарци кои можат да бидат изложени на опасноста од поплави, во делот на објекти е наведено само образовни објекти, дали се прецизира на што се мисли, основни училишта, средни училишта, градинки и сл.

- Нема систем за предупредување на населението од поројни дождови. Имајќи предвид дека станува збор за земјоделски дел, треба да се воведе систем за рано предупредување на населението.
- Во планот е наведено дека во справувањето и отстранувањето на последиците од поплави, надлежните субјекти на локално ниво ги преземаат сите оперативни мерки за заштита од поплави. Дадена е листа на субјекти кои се вклучени на подрачјето на општина Кавадарци за намалувањето на ризиците од катастрофи но нема наведено точни ингеренции.
- Во Прегледот на засолништа во Општина Кавадарци во длеот кој се однесува на тоа дека едно засолниште е опремено да се прецизира што значи тоа опремено.

- Во Штабот за заштита и спасување, од приложените податоци евидентно е дека од 10 членови, само 2 се жени.

### 3.3. ОПШТИНА КОЧАНИ

Општина Кочани ја има направено Проценката на загрозеност на подрачјето на Општина Кочани од сите ризици и опасности пред 10 години, односно во 2014 година. Документот ги дава следните проценки на ризици и опасности:

**- Пожари**
**- Поплави**
**- Екстремни временски појави** (интензивни снежни врнежи и снежни наневи, и невреме изразено со луња и град) и
**- Други опасности** (температурни максимуми и минимуми, сушни периоди, загадување на водата, загадување на почвата, земјотреси, сообраќајни несреќи, епидемии, епизотии и епифитии, опасност од заостанати неексплодирани убојни средства, криминални и асоцијални појави).

**Родова анализа**

- Во делот на социо-економските карактеристики на подрачјето на Општина Кочани, недостасуваат податоци кои се структурирани по пол.

- Во делот на домување, доколку може да се дојде до соодветни податоци, да се наведе колку од станбените единици ги поседуваат жени.

- Во податоците кои се оденсуваат на демографски промени кои се случиле во Кочани и актуелниот број на население да се ажурираат податоците според последниот попис и да се додаде полова, старосна и образовна структура.

- *Важно е да се напомене дека во овој документ се споменува дека „ранливоста на жените во кризни ситуации често се истакнува, нивната улога во давање помош и активно учествуво во надминување и справување со кризите, не е доволно призната. Жените се во голема мера маргинализирани во развојот на политиките за справување со намалувањето на ризиците, како и од процесите на донесување одлуки, така што нивните гласови остануваат тивки. Жените треба да бидат активно вклучени во сите фази на посткризното делување и донесување одлуки.“*

- Уште еднаш подвлекуваме дека е потребно да се направи целосно ревидирање на овој документ затоа што значителен број на стратегии и планови на кои се повикува, се со изминат рок.

- Во порценката на можните ризици и опасности за подрачјето на Општина Кочани се идентификувани присутни и очекувани опасности на кои територијата била и/или е изложена, даден е нивен опис, анализа, и проценување на веројатноста за случување, по време и простор, очекуван интензитет/јачина на влијание и можни последици. Па така како идентификувани опасности се: пожари, поплави, Екстремни временски појави (интензивни снежни врнежи и снежни навеви, и невреме изразено со луња и град) и Други опасности (температурни максимуми и минимуми, сушни периоди, загадување на водата, загадување на почвата, земјотреси, сообраќајни несреќи, епидемии, епизотии и епифитии, опасност од заостанати неексплодирани убојни средства, криминални и асоцијални појави).

- Даден е добар преглед на објекти кои би можеле да бидат загрозени од пожари. Но во делот на прегледот на човечки ресурси на субјектите за справување со опасноста од пожари во општина Кочани пожелно е да се додаде дали се информираат овие лица, дали знаат за улогата што ја имаат, како се подготвуваат за реагирање во случај на пожари и сл.

- Анализата на состојбата на подрачјето на општината покажала дека има - неуредени речни корита; -недостаток на механизација во„ Водостопанство Брегалница„-Кочани за уредување на канали и речните корита; -недостаток од пумпи за црпење вода од поплавените објекти. При ревидирање на проценката да се додаде што е направено во овој дел, односно дали се преземени мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

- При координацијата и комуникацијата помеѓу субјектите се користат постојните Стандардните оперативни постапки со кои се врши целосно следење и справување со поплави. Па така, како прашање се наметнува дали субјеките се запознати со овие оперативни постапки, како се запознаваат, дали имаат доволно знаење и информираност за да постапуваат по истите.

- Во проценката се забележува дека за одредени демографски податоци е дадена полова и возрасна структура на населението, што е за поздравување. Потребно е да се направи поврзаност на последиците од детектираните опасности по жените и мажите односно како би ги почуствувале последиците жените, а како мажите. Односно при процена на влијанието (ранливост и изложеност) од идентификуваните опасности и ризици врз населението, да се размислува во насока како тоа би влијаело врз жените и дали има поголемо или помало влијание и последици споредбено со мажите.

- Во прегледот кој се однесува на човечки, материјални и технички ресурси со кои располага општина Кочани, се наметнуваат неколку прашања: дали вработените се информирани за улогата што ја имаат при постапување во настанување на опасности, како се утврдува кој каква улога ќе има, дали имаат редовни обуки за да можат да одговорат соодветно на улогата. Друго прашање е за материјалните и техничките ресурси, дали се следат, кој е одговорен, дали се дополнуваат или поправаат кога е потребно.

- Потребно е да се направи дополнување и ажурирање на Процената со новонастанатите состојби земајќи ги предвид новите и актуелни податоци.

**План за заштита и спасување на општина Кочани**
Општина Кочани има донесено и неколку планови кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:
- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави изготвен во 2016 година.
- План за заштита и спасување изготвен во 2018 година.

Други планови за безбедност и сигурност во заедницата, не се изготвени.
**Родова анализа**

- Планот е потребно да биде подготвен во формат кој ќе биде читлив и разбирлив. Исто така недостасуваат одредени податоци, особено во табелите, па пожелно е да се наведе дали нема таков вид на податоци или истите не се внесени, затоа што вака се добива впечаток дека информациите не се комплетни.

- Во документот за спроведување на мерката засолнување, во прегледот на засолничките капацитети потребно е да се додаде за состојбата во која се наоѓаат односно опременост и каков вид на адекватност имаат за овозможување на засолнување, особено на ранливи категории граѓани/ки.

- При анализата на потребите на засолнички капацитети, е утврдено колку засолни места недостасуваат. Дали е во меѓувреме направено нешто за да се реши ова?

- Во документот за спроведување на мерката згрижување во прегледот кој се однесува на претпријатијата преку кои може да се организира исхраната на загрозените и настраданите недостасуваат комплетни податоци. Во прегледот кај транспортните претпријатија, наведени се само нивните називи, но нема информација за нивните капацитети, контакти и сл. Исто е и со податоците за здравствените установи.

- Документ за спроведување на мерката за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Во овој документ се предвидени превентивни и оперативни мерки за заштита, но исто така недостасуваат податоци.

- План за заштита и спасување од поплави – Во случај на полава се активира општински штаб за заштита и спасување. Се следи ситуацијата на теренот и се дава распоред на ангажираните сили за заштита и спасување. Недостасуваат инфромации за составот на штабот и на силите за спасување, како се одредува кој ќе биде член на штабот, дали се земаат претставници од различни категории на лица. Не е јасно наведено кои материјални добра подлежат на евакуација и како ќе се прави тоа.

- План за заштита и спасување од пожари – За најголем дел од идентификуваните субјекти кои имаат лесно запалливи материи, нема наведи контакти, туку само се излистани со адреса и вид на материи, но недостасуваат контакти телефони и одговорни лица.

- Документ за спроведување на мерката прва медицинска помош – И во овој документ се предвидени превенитивни и оперативни мерки, но недостасуваат доста податоци. Потребно е при ажурирање на планот да се дополни прегледот на здравствени установи на подрачјето на општината, со нивни контакти, одговорни лица, песонален и материјален капацитет со кои располагаат.

- Исто така логично прашање за спроведувањето на овој документ е дали и како истиот се имплементирал во Ковид пандемијаат и дали се согледани одредени неостатоци кои треба да се корегираат во ажурираната верзија.

- Документ за спроведување на мерката заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло – Овој документ исто така треба да се дополни со податоци од одговорни лица, контакти, нивна улога во превентивните и оперативните мерки.

**ДЕЛ 2- Противпожарна заштита**

**II-1. Ситуација со противпожарната заштита**

Со Законот за пожарникарството се уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, како и условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гасење на пожари. Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици.

**1.1. Противпожарна заштита во општина Берово**

Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Берово формира Територијална противпожарна единица, која ја покрива и територијата на Општина Пехчево. Единицата покрива 974 км$^2$ со опфатени околу 15 000 жители во две градски и 14 селски населби.
Единицата во 2014 година брои 15 пожарникари, од кои:
 6 пожарникари спасители
 3 пожарникари - возачи на специјално возило
 2 пожарникари - водачи на група
 4 пожарникари - командир на одделение

Противпожарната единица е организирана и опремена со соодветна, меѓутоа дел е дотраена техничка опрема и дотраени средства за гаснење на пожари, како и за извршување на другите задачи во рамките на надлежноста. Во иднина, Општината треба да има во предвид дека се работи за потрошен материјал и да обезбеди нова колективна опрема, како и нови технички средства за гаснење на пожари, со цел ефикасно и ефективно извршување на работните цели и задачи на единицата. Противпожарната единица е должна да презема мерки за гаснење на пожарот, односно отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, веднаш по дознавањето за настанатиот пожар или опасност за настанување на пожар. Покрај гаснењето на пожарите ТППЕ учествува и во вршењето на технички интервенции во рамките на своите можности за која цел се спроведува и соодветна обука на вработените. Единицата учествува во давање помош при елементарни непогоди и други ситуации. За сите поголеми и покарактеристични интервенции се

доставува посебна информација до градоначаникот на Општина Берово.

ТППЕ Берово има интензивна соработка со ЈП Македонски Шуми Берово, ЈКПР „УСЛУГА" Берово, Водостопанство Берово, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Берово, Центар за управување со кризи Берово, ОВР Берово и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување на настанување на поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.

Со вршењето на редовни контроли командирот има постојан увид во однесувањето, изгледот и работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи. Проверката на возилата задолжително ја прави секоја смена.

Ажурирањето на планот за мобилизација и на картотеката на улици и објекти како и хидрантската мрежа се врши постојано од страна на командирот на ТППЕ.

Работното време во ТППЕ Берово е организирано во 24 часовно дежурство на смени од по 12 часа. Единицата располага со 2 авто–цистерни ФАП 14/14 и ФАП 1921 со носивост од 7.000 l вода, 1 теренско возило Бремач со носивост од 2.000 l вода, една автоцистерна ФОРД ТРАК со носивост од 6000 l вода и 1 теренско возило Опел Фронтера. Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита.

Заради поуспешно обавување на поставените работни задачи во текот на 2024 предвидени се повеќе вежбовни активности на ТППЕ Берово. Во текот на 2024 ќе бидат организирани 6 поголеми вежби со учество на целата единица и 12 помали вежби кои ќе бидат спроведувани во кругот на ТППЕ Берово. Заради подобрување на моторните способности редовно се обавуваат тренинг возења и користење на опремата која ја поседува единицата. За исправноста на опремата која ја поседува ТППЕ Берово се врши редовна контрола од страна на овластени лица од Дирекција за заштита и спасување, за што се изготвува записник. Согласно важечките стандарди (ISO 9001:2015) за тековното работење на ТППЕ се води пропишана евиденција и се изготвува годишната програма на единицата.

Симулациски вежби се случуваат повеќе пати во текот на годината, помали и поголеми, во помалите учествуваат Пожарникартие од ТППЕ и ученици, додека во поголемите вклучуваме екипи и на ОВР Берово и екипа на итната медицинска помош.

Со обуки за пожарникарите започнале во 2023 година, а продолжиle и оваа година, кога нивни пожарникари се обучуваат во Словенија,  а преку проект од прекугранична соработка, минатата година 2023  извршена е и обука на волонтери.

Годишниот буџет на Противпожарната  единица за 2024 изнесува 2.119.500,оо од кои 450.000 се за заштитни унифоми и чевли, 240.000,00 за нови дишни апарати. 740.000,00 се за поправка и тековно одржување на возилата. Нема предвидено средства за обуки.

Општина Берово има посебен Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2024 година со вкупна вредност од 500.000,00 МКД од програма Ј2- одведување и пречистување на отпадни води.

### 1.2. Противпожарна заштита во општина Кавадарци

Пожарникарството е дел од системот за заштита и спасување ие надлежност на Општина Кавадарци. Општината има формирано своја територијална противпожарна единица и преку истата се реализира противпожарната заштита. ТППЕ е главен оперативен ресурс на општината за справување со кризи и катастрофи, со оглед на нивната главна дејност која се состои од гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот кои се загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди. Општина Кавадарци во рамките на своите материјални можности обезбедува потребни услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на општината. Моментално на ниво на општина функционираат 30 пожарникари, кој можат целосно да ги задоволат потребите на градот за заштита и превенција од пожари. Покрај секојдневните вежби, пожарникарите - спасители редовно добиваат обуки во странство, како и тука на национално ниво. Опремени се најсовремена опрема. Во склоп на ТППЕ функционира и Доброволно Противпожарно друштво Сашко Гешовски Кавадарци кое е формирано во 2021 година. Има 200 волонтери кој се обучуваа, а кога има потреба одат и на терен како поддршка на пожарникарите спасители.

Во програмата за 2024 година има предвидено активности за показни вежби со училиштата во Кавадарци како и во селата во општина росоман и Дреново.

Територијалната противпожарна единица Кавадарци нема предвидено средства за обука на пожарникари, а исто така и општината нема предвидено средства за обука за пожарникари. По телефонски разговор со командирот на противпожарната единица добиена е информација дека пожарникарите посетуваат обуки, но тие се по покана од други противпожарни единици и за кои не се трошат финасии.

За сервисирање на апаратите за гаснење на пожар средства има предвидено само во програмата и буџетот на Територијалната противпожарна единица Кавадарци, а исто така и за набавка на нова опрема за нејзините цели има предвидено само во буџетот на ТПТ.

Санирање на речното корито се врши со средства од буџетот кој е предвиден во Програмата на Јавното Претпријатие Комуналец .

Исто така во ниту една програма нема ставка за финансиски средства за изведување на показни вежби.

Во општина Кавадарци од минатата година има новоформирано доброволно

противпожарно друштво ,,Сашко Гешковски" финансиски поддржан од Civica Mobilitas од програмата на мали грантови -ЦК -МАК-02.

### 1.3. Противпожарна заштита Кочани

Во тековната 2024 год. ТППЕ-Кочани своите активности и делокруг на работа ги има насочено кон постигнување повисок степен на заштита од пожари, со што поголем акцент е ставен на делот на превенција и заштита од пожари се со цел да се преземат сите превентивни мерки за благовремено откривање и отстранување на се што би придонело за појава на пожари. Со цел применување на воспитна, образовна, информативна, теоретска и практична активност за стручно и практично доспособување на единицата од областа на пожарникарството, исто така се спроведуваат дополнителни активности околу едукацијата на учениците и вработените во училиштата за евакуација и заштита од пожари.
Според добиените информации, во текот на 2024 год. се организираат тактичко-показни вежби, и тоа со учениците и вработените од училиштата од Кочани, како и училишта од Општина Чешиново Облешево и Општина Зрновци.
Во текот на 2024 год. исто така се реализираат и:

• тактичко- показни вежби со вработените во компаниите од приватниот сектор. Соработката со корпоративниот сектор е составен дел од работењето на ТППЕ во сите сегменти.

• спроведување на едукација за заштита и спасување во случај на елементарни непогоди со вработените во јавните установи и институции во Општина Кочани и во соседните Општини Зрновци и Чешиново-Облешево.

• едукација на вработените во основните и средните училишпта во општините кои ги покрива ТППЕ Кочани.

Буџетот на ТППЕ за 2024 е 3.115.000,00 ден, од програмата за противпожарна заштита и има предвидено дополнителни 7.982.000,оо ден. за стоки и услуги што опфаќа и плата за вработените. Територијалната противпожарна единица Кочани и Доброволното противпожарно друштво Кочани изведуваат симулациски вежби во основните и во средните училишта - (симулација на пожар, поплава, тешка сообраќајна незгода), еднаш/двапати годишно. Доброволното противпожарно друштво, годинава прославувајќи 2 години од формирањето, има организирано симулација на поплава и пожарн на јавен простор. Исто така, ова здружение има добиено проект од УНДП, со кофинансирање од Општина Кочани, со кој една од активностите била и обука на ученици од двете средни училишта за гасење пожари.

## II.2. Резултати од истражување спроведено во основните училишта во општините Берово, Кавадарци и Кочани

Имајќи ја во предвид големата улога и значење која ја има противпожарната опрема и знаењето/искуството кое е пожелно да го имаат жените и мажите во управување со истата поточно со противпожарните апарати, како и разбирањето во однос на противпожарната опрема, спроведивме анкета во основните училишта во трите општини кои се вклучени во овој проект, и тоа

општина Берово, Кавадарци и Кочани. Целта на оваа анкета беше да согледаме дали вработените жени и мажи во училиштата имаат поминато обука и стекнато знаење како да управуваат со противпожарни апарати (ППА), дали има разлика меѓу нивните знаења и искуства, какви се нивните ставови за овие прашања, дали имаат одредени очекувања од страна на надлежните институции во врска со овие прашања и сл.

Беа направени два анкетни прашалници, еден за вработените во училиштата и еден за членовите на Советите на родители во училиштата. Анкетата беше спроведена со помош и поддршка на општините кои ги контактираа училиштата што се под нивна надлежност и им ги споделија прашалниците.

Резултатите од оваа студија може да се користат како податоци за да се утврдат мерки за подобрување на знаењето на вработените жени и мажи за безбедност од пожари и користење на противпожарна опрема/заштита како и воспоставување на соодветни обуки и планови за управување со пожари други итни ситуации.

Вообичаено училиштата се згради/објекти со голема циркулација на луѓе кои излегуваат или влегуваат во објектот во текот на денот. Луѓето кои го користат просторот на училиштата за наставни или воннаставни активности (како учениците, наставниот и стручниот кадар, помошниот/техничкиот пероснал) како и сите други кои краткотрајно или подолготрајно се наоѓаат или задржуваат во училишниот објект, важно е сите да бидат сигурни и безбедни во секој момент. Тоа меѓу другото вклучува и ризик од настанување пожари.

Особено е важно училиштата и училишните простории да бидат обезбедени со доволен број на противпожарни апарати, апаратите да бидат од соодветните видови потребни согласно градбата на објектот и видовите на пожар кои може да настанат во истиот, како и да се поставени на најсоодветни места. Исто така, битно е вработените од училиштата да бидат обучени за тоа како треба да се користат апаратите и кои мерки и активности треба да се преземат во случај да дојде до пожар. Ваков вид на обуки се многу битни за секоја училишна установа, затоа што во простор како што се училиштата каде што има голема концентрација на ученици и возрасни лица, секое навремено реагирање на некој вид на опасност е од круцијална важност како би се спречило нанесување на штета по здравјето и животот на луѓето како и материјална штета на имотот.

Дури и ако просториите се опремени со најновите системи за откривање и справување со пожар, противпожарните апарати се од суштинско значење кога станува збор за заштита на објект/училиште/општина од итен случај на пожар. Тие можат да помогнат брзо да се контролираат малите избивања на пожар, спречувајќи ширење на пламенот и предизвикување поголема штета. Во потешки итни случаи, апаратите за гаснење пожар можат да спасат животи, помагајќи да се одржи чистиот пат за евакуација и обезбедувајќи клучен пристап до местата за бегство. Прашањата кое често се наметнуваат се дали лицата сте подготвени да ги користат кога за тоа ќе се јави потреба. Дали знаат како да ги користат? Колку често треба да се сервисираат? Што да се прави со оние на кои им поминал рокот на употреба?

<u>Во продолжение се дадени наодите од истражувањето и тоа податоци добиени од вработените во училиштата и податоци добиени од членовите на Советите на родители, структурирани по општини. За покарактеристичните наоди, се направени и споредбени согледување помеѓу трите општини кои се вклучени во проектот.</u>

***ОПШТИНА БЕРОВО***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаме 49 одговори од основните училишта од општина Берово, и тоа: ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ (41 одговор), ООУ „Никола Петров Русински“ (8 одговори).

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаниците кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 65,3% од испитаниците, потоа следуваат на возраст од 51 до 65 години или 26,5%, и 8,2% од испитаниците припаѓаат на групата до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од работоспособното население кое е вработено во училиштата е во таа возрасна група.

Според полот, 85,71% од испитаниците кои го одговориле прашалникот се жени. Овој податок е исто така очекуван, затоа што најголем број од кадарот вработен во училиштата се жени.

Според етничката припадност, сите испитаници се изјасниле како Македонци што исто така е очекуван податок затоа што во општината Берово, согласно последниот попис, доминантен број на граѓани кои живеат се припадници на македонската етничката заедница.

Според образованието, најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет, и тоа 83,7%, а 4% се со магистратура. Со оглед на тоа што прашалниците се пополнувани од страна на наставниот кадар и стручните служби во училиштата, очекувано е дека сите испитаници се со минимум високо образование, кое што е потребно за тие работни места.

Според работното искуство во училиште, најголем процент се со работно искуство до 10 години односно скоро 45% од испитаниците, 30,6% се со искуство од 11 до 20 години, 12,2% од 21 до 30 години, и 12,2 испитаници се со работно искуство над 31 години во училиште.

**Значење, обуки за користење на ППА и користење на ППА во училиштата**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“, потврдно одговориле 28, или 57% од испитаниците, додека пак 21 испитаник или 43% одговориле дека не се запознати каков вид на противпожарни апарати постојат.




13 испитаници или 26,5% имаат одговорено дека поминале обука за користење на ППА (сите се од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“) а 73,5% од испитаниците одговориле дека немаат поминато обука за користење противпожарни апарати. Од оние кои имаат поминато обука дел имаат наведено дека истата ја поминале во 2023, дел во 2024 година и тоа било на учество на натпревари по ППЗ и обука од Дирекцијата за заштита и спасување и меѓународна обука за заштита од пожари.




На прашањето „Дали знаете да користите ППА?“, карактеристично е да се подвлече дека 43% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, иако само 26,5% (видно од

претходното прашање) поминале обука за користење на истите.




Но можеме да согледаме дека иако 43% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, само 14 испитаници (12 испитаници се од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“) или 29% одговориле дека се чувствуваат сигурни истиот да го користат. Од оние кои одговориле со „не“ или „не знам“ како причини ги навеле: немаат знаење за тоа, не се запознати како се користо ППА, страв, несигурност во правилно користење на ППА, и сл.

Од оние што не знаат да ракуваат со ППА, 28 испитаници или 57% од испитаниците, помалку од половината одговориле дека знаат односно се запознати кој во училиштето знае да ракува со ППА, што во ризик од пожар во училиштето би можеле да влијае на брзото и соодветно делување затоа што покрај тоа што не знаат да ракуваат со ППА, не се запознати ни кој знае да ракува односно каде да се обратат и од кого да побараат помош и поддршка.

Само две лица од испитаниците одговориле дека до сега биле во ситуација да употребат ППА (и двете лица се од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“, едното е машко, а другото е женско) тоа било на разни симулациски вежби, а еднιот случај било реална ситација кога било запалено ќумбе во училница.

На прашањето „ Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, потврдно одговориле 63,3% од испитаниците.







Ако се погледнат одговорите на двете прашања претставени во претходните два графикона, може да се види дека процентот на одговорите се движи од 45 до 49% од испитаниците имаат одговорено потврдно односно дека имаат идентификувано на ниво на училиште кој тип на пожар би можел да биде застапен и имаат идентификувано кои делови се најкритични каде што може да настане пожар.

Но повеќе од половината имаат одговорено дека немаат направено таков вид на анализа или пак не се запознати дека има направено таков вид на анализа на ниво на училиште. Ова покажува дека не сите вработени се соодветно и целосно информирани за мерките и активностите кои ги презема училиштето како установа за превенирање и заштита од пожар во училишниот објект и како треба да се постапува во таков случај.

**Противпожарни апарати во училиштата**

Сите испитаници одговориле дека во училиштата има противпожарни апарати, но 25% од испитаниците одговориле дека не знаат дали редовно се сервисираат и повеќе од половината испитаници или 57.14% одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за нивно сервисирање.






Скоро сите испитаници (92%) одговориле дека апаратите се поставени на достапни места. 65% од испитаниците одговориле дека според нивно видување противпожарните апарати се со соодветна тежина и можат да ракуваат со истиот доколку за тоа се јави потреба.

**Симулациски вежби**



73% од испитаниците одговориле дека учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар и дека тоа главно се случува во училиштето и најчесто  во организација на општинската противпожарна единица.

**План за заштита и спасување и Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации**

34.7% од испитаниците одговориле дека на ниво на училиште имаат формирано Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации и дека истото го социчуваат дел од вработените и директорот. Но повеќе од 60% одговориле дека не знаат дали има вакво тело, што може повторно да се протолкува како не доволно информирање и споделување на информации на ниво на училиште меѓу вработените.

75.5% од испитаниците  одговориле дека на ниво на училиште имаат подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации, а останатите имаат одговорено дека не знаат дали училиштето има ваков план. Повеќе од половината (53%) од испитаниците одговориле дека планот им е презентиран на родителите односно на Советот на родители и истите се запознаени со истиот. Останатите одговориле дека не е презентиран или не знаат дали е презентиран. Ова може да се протолкува како не доволна запознаеност на целиот наставен кадар со плановите и програмите кои училиштети ги има за превенирање и справување со итни ситуации.




Значајно е да се наведе дека 57% од испитаниците одговориле дека не знаат дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар. 29% од испитаниците одговориле дека училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар во училиштето, 14% одговориле дека нема ваков систем. Различните одговори дадени од дел од ипитаниците исто така, може да укажува на тоа дека системот на внатрешно информирање во училиштата не е на завидно ниво и информациите не стигнуваат подеднакво до сите вработени во училиштата.

46.90% одговориле дека не знаат дали училишниот објект е осигуран од пожар.




Ако се погледнат одговорите претставени на претходниот графикон кои се однесуваат на тоа дали вработените во училиштата се информирани дали соодветната општина има план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, карактеристично е тоа што околу 70% од испитаниците одговориле дека не знааат дали општината има вакви планови и не се запознаени дали некој учествувал како претставник од училиштето.

Од резултатите на истражувањето може да се изведат неколку заклучоци:

- Анализата на одговорите на прашалникот за постоењето и начинот на користење на противпожарната опрема во училиштата покажува значајни аспекти кои бараат внимание и подобрување.
- Иако училиштата имаат противпожарни апарати, голем број од вработените не се доволно информирани и обучени за нивното користење. 73.5% од испитаниците не поминале обука за користење на противпожарни апарати, што создава потенцијални ризици во случај на итни ситуации.
- Значителен дел од испитаниците не знаат кој е одговорен за сервисирање на апаратите и ова може да доведе до ситуација каде што апаратите не се редовно проверувани и одржувани, што го зголемува ризикот од неисправност во случај на пожар.

- Значителен дел од вработените во училиштата не се неупатени во постоењето на планови и системи за управување со итни ситуации. Оваа неинформираност може да има сериозни последици во итни ситуации, каде што брзото и организирано дејствување е клучно.
- Иако 73% од испитаниците учествувале во симулациски вежби, потребно е да се зголеми учеството на сите вработени и да се осигура дека вежбите се вршат редовно и се обновуваат со нови практики и процедури.
- Вработените со различно работно искуство и позадина може да имаат различни нивоа на знаење и способност за управување со противпожарната опрема. Потребно е да се обезбедат персонализирани обуки кои ќе ги покриваат потребите на сите групи.
- Значителниот број на испитаници кои не знаат за постоењето на координативни тела за итни ситуации укажува на недостаток на комуникација и координација меѓу вработените и управата. Обезбедувањето на јасна структура и улоги за управување со итни ситуации ќе помогне во подобрување на ефективноста на реакцијата.

**Анализа на одговорите на Прашалник за Совет на родители во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата**

Ова истражување има за цел да ги анализира одговорите од прашалникот дистрибуиран до Советите на родители во училиштата на тема значењето на противпожарните апарати во училиштата. Истражувањето вклучи 3 испитаници од основните училишта во општина Берово. Главната цел беше да се процени свесноста и разбирањето за противпожарните протоколи, со посебен фокус на користењето и одржувањето на противпожарните апарати од страна на училишниот кадар и родителите. Резултатите од прашалникот даваат увид во нивото на информираност на членовите на Советите на родители за противпожарната заштита во училиштата, достапноста на противпожарната опрема и обученоста на наставниот и техничкиот персонал да постапува во случај на пожар и сл. Оваа анализа ќе ги истакне клучните области за подобрување на едукацијата и подготвеноста за противпожарна заштита во училиштата, придонесувајќи за севкупната безбедност на учениците и персоналот. Истражувањето исто така го истражува и учеството на членовите на Советот на родители во противпожарни вежби, нивната улога во идентификување и управување со ризиците од пожар во училишните средини, нивата вклученост и запознаеност со плановите на училиштата и надлежните општини за управување со кризи, евакуации, заштита од пожари и други непогоди.

Со оглед на тоа што на овој прашалник добивме само три одговора, нема детална анализа на одговорите, туку само едно генерално согледување кое е дадено во продолжение.

На прашањето дали знаете колку вработени има во училиштето и колку од нив се жени, а колку мажи, ниту еден од испитаниците не одговорил потврдно. Ова може да покажува дека потребно да се воведе поголемо информирање на членовите на Советите на родители, кои треба да бидат запознаени со различните ресурси со кои располагаат училиштата, меѓу кои и човечките ресурси затоа што на тој начин ќе може поцелисходно да учествуваат во работата на Советите на родители.

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“ 2 испитаници одговориле потврдно, но еден одговорил дека не е запознат каков тип на противпожарни апарати постојат.

Во однос на тоа дали членовите на Советите на родители се запознати дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита, 2 одговориле потврдно, а еден испитаник одговрил со „не знам“, што исто така може да покажува дека е потребна поголема информираност на членовите на Советот за овие прашања кои се директно поврзани со безбедноста на децата и возрасните во училишната зграда.

На прашањето дали знаат дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, со ДА одговориле 2 испитаници, и 1 дека не знае.

Во однос на тоа дали се запознати дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат, сите тројца испитаници одговориле дека немало таква ситуација.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? Сите тројца одговориле негативно.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето?, 2 испитаници имаат одговорено со НЕ.

На прашањето, „Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште?“, сите тројца испитаници одговориле потврдно.

На прашањето „Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно?“, сите

исто така сите тројца испитаници одговориле потврдно.

На прашањето „Дали според Вас противпожарните апарати се поставени на достапни места?“, сите тројца испитаници одговориле потврдно.

На прашањето, „Дали според Вас противпожарниот апарат е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да ракува со него кога ќе се јави потреба?“, сите тројца испитаници одговориле потврдно.

**Вклученост на членовите на Советот на родители во креирањето на противпожарната заштита на ниво на училиште**

Со цел да согледаме дали и колку членовите на Советот на родители се вклучени при дефинирањето на противпожарната заштита во училиштата и подготвеноста на училиштата за одговор при итни ситуации беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на вклученоста на членовите на Советите во вежби за евакуација при пожар во училиштето, нивна запознаеност со постоење на некакво координативно тело на ниво на училиште за планирање и одговор при итни ситуации, беа прашани и дали училиштето има формален план за заштита и спасување во случај на итни ситуации и дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или други елементарни непогоди. Воедно имаше и прашања кои се однесуваат нивната информираност за тоа дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, дали имале имале прилика да се запознаат со истиот како и дали учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди.

Подолу во табелата се издвоени одговорите од трите испитаника.

| Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето? | | 3 | |
| Дали знаете дали на ниво на училиште има формирано некакво координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации? | 2 | | 1 |
| Дали на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации? | 3 | | |
| Дали училиштето има систем за алармирање и известување на | 2 | | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| родителите/старателите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода? | | | |
| Дали знаете дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 2 | | 1 |
| Дали претставници на училиштето или Советот на родители учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | | | 3 |

Од дадените одговори, сумирани погоре, резултатите од прашалникот од тројцата испитаници кои го имаат одговорено, покажуваат ограничено учество и информираност меѓу членовите на Советот на родители во врска со подготвеноста за итни ситуации во училиштето и општината. Учеството во вежби за евакуација при пожар е минимално, што укажува на недоволна практична ангажираност во активностите за подготвеност. Ова може да влијае на способноста на родителите/стрателите да реагираат ефективно во реални итни случаи.

Овие наоди укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и стратегиите за вклучување меѓу училиштето, Советот на родители и општинските власти, со цел да се создаде поинформирана и подготвена училишна заедница.

**ВКУПНА АНАЛИЗА НА ТРИТЕ ОПШТИНИ ВКЛУЧЕНИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**

***<u>Анализа на одговорите на Прашалник за вработени во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата</u>***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**
На овој прашалник, имаме 106 одговори од основните училишта од трите општини кои се вклучени во овој проект, и тоа:

- Берово (ООУ „Дедо Иљо Малешевски“; ОУ „Никола Петров-Русински“)
- Кавадарци (ООУ „Димката Ангелов Габерот“; ООУ "Гоце Делчев"; ООУ " Тоде Хаџи Тефов"; ООУ „Страшо Пинџур“)

- Кочани (ОУ Раде Кратовче; ОУ „Св. Кирил и Методиј“; ООУ ,,Крсте П.Мисирков“; Основно музичко училиште „Ристо Јуруков“)

Процентуалниот соодност на одговорените прашања е следен: Берово - 46,2% (49 одговори), Кавадарци - 23,6% (25 одговори) и Кочани – 30,2% (32 одговори).
*Напомена:* Во текстот подолу во неколку наврати се правени и компаративни согледувања на одговорите помеѓу општините, со цел да се добие појасна слика, но при анализата на одговорите мора да се има и предвид дека процентуалното учество во пополнети прашалници кај општините не е еднакво и не ја рефлектира бројноста на населението на општините, туку се базира исклучиво на на бројот на одговорени прашалници по општини.

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 66% од испитаниците, потоа следуваат на возраст од 51 до 65 години или 26,4%, и 7,5% од испитаниците припаѓаат на групата до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од работоспособното население кое е вработено во училиштата е во таа возрасна група.
Ако направиме споредба помеѓу општините кои се вклучени во истражувањето, можеме да согледаме дека од оние кои го одговориле прашалникот:

- Во Берово, 4 испитаници (односно 8,2%) се до 29 години, 32 испитаници (односно 65,3%) се во возрасната категорија од 30 до 50 години, и 13 испитаници (односно 26,5%) се во категоријата од 51 до 65 години.
- Во Кавадарци, 2 (8%) се до 29 години, 20 испитаници (80%) се од 30 до 50 години, 3 испитаници (12%) се во категоријата од 51 до 65 години.
- Во Кочани 2 (6,25%) се во групата до 29 години, од 30 до 50 години се 18 испитаници (56,25%), и 12 испитаници (37,5%) се во групата од 51 до 65 години.

Погоре наведените податоци за подобра прегледност се дадени подолу во табела.

| Општина | До 29 години | Од 30 до 50 години | Од 51 до 65 години |
|---|---|---|---|
| Берово | 8,2% | 65,3% | 26,5% |
| Кавадарци | 8% | 80% | 12% |
| Кочани | 6,25% | 56,25% | 37,5% |

Од податоците во табелата можеме да согледаме дека од оние кои го одговориле прашалникот наменет за вработени во училиштата, споредбено меѓу општините, најголем процент припаѓаат на старосната група од 30 до 50 години, потоа следува старосната група од 51 до 65, и најмалку застапена е старосната група до 29 години, односно вработени кои припаѓаат на категоријата млади. Исто така од податоците во табелата може да се согледа дека на ниво на поединечни општини, во општина Кочани има најголем процент на лица на возраст од 51 до 65 години кои го одговориле прашалникот, споредбено со останатите две општини.
Според полот, значителен процент од испитаниците кои одговориле на прашалникот се женски и тоа 85,8% (или 91 испитаничка), а само 14,2% се мажи (или 15 испитаници). Овој податок е исто така очекуван, затоа што најголем број од кадарот во училиштата се жени. Ако се направи споредба меѓу

општините, може да согледаме дека само еден маж го одговорил прашалникот во Кавадарци, и по седум мажи го одговориле прашалникот во Берово и Кочани или 14,3% од одговорите во општина Берово се пополнети од мажи и приближно 22% од прашалниците во општина Кочани се пополнети од мажи.

Според етничката припадност, скоро сите испитаници се изјасниле како Македонци (99.1%) што исто така е очекуван податок затоа што општините во кои се спроведе анкетата, согласно последниот попис, се со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.

Според образованието, најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет, и тоа 85,8%, а 6.6% се со магистратура. Со оглед на тоа што прашалниците се пополнувани од страна на наставниот кадар и стручните служби во училиштата, очекувано е дека сите испитаници се со минимум високо образование, кое што е потребно за тие работни места.

Според работното искуство во училиште, најголем процент се со работно искуство до 10 години односно 44,3% од испитаниците, 31,1% се со искуство од 11 до 20 години, 12,3% од 21 до 30 години, 12,3% над 31 години.

**Значење, обуки за користење на ППА и користење на ППА во училиштата**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“, потврдно одговориле 58,5% од испитаниците (или 62 испитаника), додека пак 41,5% (или 44 испитаника) одговориле дека не се запознати каков вид на противпожарни апарати постојат.

Во продолжени се дадени податоците по општини поединечно во однос на запознаеност со видови на противпожарни апарати. Па така од одговорите можеме да согледаме дека од оние испитаници кои одговориле позитивно, најголем процент доаѓаат од Берово, потоа следуваат испитаниците од Кавадарци, па испитаниците од Кочани.

| Општина | ДА | | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | број на испитаници | Процент | | број на испитаници | Процент |
| Берово | 28 | 45,2% | | 21 | 47,7% |
| Кавадарци | 20 | 32,2% | | 5 | 11,4% |
| Кочани | 14 | 22,6% | | 18 | 40,9% |
| ВКУПНО | 62 | 100% | | 44 | 100% |




Повеќе од 70% од испитаниците (72,6%) одговориле дека немаат поминато обука за користење противпожарни апарати. Само 27,4% (или 29 испитаници) имаат одговорено дека поминале ваква обука. Од испитаниците кои одговориле потврдно, односно дека имаат поминато ваков вид на обука, 13 се од Берово (или 44,83%) , 12 се од Кавадарци (или 41,38%) и 4 се од Кочани (или 13,79%).




Карактеристично е да се подвлече дека скоро за 20% повеќе испитаници одговориле дека знаат како да користат ППА, иако не поминале обука за користење на истите. Но можеме да согледаме дека иако 46% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, само 34% одговориле дека се чувствуваат сигурни истиот да го користат, а како причини ги навеле: страв, недоволна сигурност, недоволно познавање на тоа како функционира апаратот, подолго време поминато од последната обука и сл.

Од испитаниците кои одговориле дека се чувствуваат сигурни да користат ППА 14 се од Кочани (од училиштата ООУ Ради Кратовче и ООУ Св.Кирил и Методиј), 14 се од Берово, и 8 од Кавадарци.




Повеќе од 1/4 од испитаниците, или 28 испитаници (односно 26,4%), од оние што не знаат да ракуваат со ППА, одговориле дека не се запознати кој во училиштето знае да ракува со ППА, што во ризик од пожар во училиштето може дополнително да ја загрози состојбата затоа што лицата кои не знаат да управуват со ППА не се запознати кој може да го направи тоа и кого треба да контактираат, што потенцијално може да влијае врз дополнително загрозување на безбедноста на луѓето во објектот и имотот.
Ако направиме споредба помеѓу општини, можеме да согледаме дека од лицата кои одговориле дека не знаат кој во училиштето знае да ракува со ППА, сликата е следна:

| Општина | Процент | Бр. на испитаници |
|---|---|---|
| Берово | 53.57% | 15 |
| Кочани | 39.29% | 11 |
| Кавадарци | 7.14% | 2 |
| Вкупно | 100.00% | 28 |

На прашањето „Дали до сега сте биле во ситуација да треба да употребите ППА?“, 5 испитаници (2 од Кавадарци, 2 од Берово и 1 од Кочани) одговориле потврдно што одговара на 4,72% од испитаниците. Од испитаниците кои одговориле дека биле во ситуација да користат ППА, тоа било на симулациска вежба, при презентирање на мерки при безбедност и заштита при работа. Само еден од одговорите беше дека лицето било во состојба да користи ППА при реална ситуација на пожар односно запалено ќумбе во училница. Станува збор за ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ во Берово.

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, потврдно одговориле 62,3% од испитаниците.







Ако се погледнат одговорите на двете прашања претставени во претходните два графикона, може да се види дека процентот не одговорите е сличен односно од 40 до 50 проценти од испитаниците имаат одговорено потврдно дека имаат идентификувано на ниво на училиште кој тип на пожар би можел да биде застапен и имаат идентификувано кои делови се најкритични каде што може да настане пожар. Но повеќе од 50% имаат одговорено дека немаат направено таков вид на анализа или пак не се запознати дека има направено таков вид на анализа на ниво на училиште. Ова покажува дека не сите вработени се соодветно и целосно информирани за мерките и активностите кои ги презема училиштето како установа за превенирање и заштита од пожар во училишниот објект и како треба да се постапува во таков случај.
Ако се направи споредба по општини можеме да видиме дека од оние што одговориле потврдно дека на ниво на училиште имаат идентификувано кој тип на пожар би можел да биде најзастапен, од 44 испитаници или 41,5% од испитаниците кои одговориле потврдно, распоредот е следен:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле потврдно |
|---|---|
| Берово | 22 |
| Кавадарци | 14 |
| Кочани | 8 |
| Вкупно | 44 |

Најзастапен е ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово со 20 позитивни одговори.

Ако пак се направи споредба по општини можеме да видиме дека од оние што одговориле потврдно дека на ниво на училиште ги имаат идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар, 52 испитаника или 49% од испитаниците одговориле потврдно, распоредот е

следен:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле потврдно |
|---|---|
| Берово | 24 |
| Кочани | 14 |
| Кавадарци | 14 |
| Вкупно | 52 |

И овде најзастапен е ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово со 21 позитивен одговор.

**Противпожарни апарати во училиштата**

Сите испитаници одговориле дека во училиштата има противпожарни апарати, но 1/3 од испитаниците одговориле дека не знаат дали редовно се сервисираат и скоро 40% одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за нивно сервисирање.

Скоро 90% од испитаниците одговориле дека апаратите се поставени на достапни места. Скоро 60% одговориле дека според нивно видување противпожарните апарати се со соодветна тежина и можат да ракуваат со истиот доколку за тоа се јави потреба.

Но ако се направи споредба со прашањето што е погоре дали се чувствувате сигурни да користите ППА, ќе видиме дека иако 60% одговориле дека ППА се со соодветна тежина и дека би можеле да ракуваат со истиот ако се јави потреба, само 34% се чувствуваат сигурни да користат ППА.

**Симулациски вежби**

Повеќе од 60% од испитаниците одговориле дека учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар, и дека тоа главно се случува во училиштето во организација на општинската противпожарна единица. Најголем дел од одговорите беа дека вежбите биле во учебната 2023/24. Ако се направи споредба по општини од оние испитаници кои одговориле дека учествувале во симулациски вежби, ќе видиме дека:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека учествувале во симулациски вежби |
|---|---|
| Берово | 36 |
| Кочани | 19 |
| Кавадарци | 10 |
| Вкупно | 65 |

Најголем број односно 33 испитаници се од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово.

**План за заштита и спасување и Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации**

74,5% од испитаниците одговориле дека на ниво на училиште имаат подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации, а останатите имаат одговорено дека не знаат дали училиштето има ваков план. Скоро 60% од испитаниците одговориле дека планот им е презентиран на родителите односно на Советот на родители и истите се запознаени со истиот. Останатите одговориле дека не е презентиран (2.1%) или не знаат дали е презентиран. Ова може да се протолкува како не доволна запознаеност на целиот наставен кадар со плановите и програмите кои училиштети ги има за превенирање и справување со итни ситуации.

Ако се погледне на ниво на општини, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации |
|---|---|
| Берово | 37 |
| Кочани | 23 |
| Кавадарци | 19 |
| Вкупно | 79 |

**Систем за алармирање и известување на родителите**

Значајно е да се наведе дека повеќе од половина од испитаниците одговориле дека не знаат дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар, а 17% одговориле дека нема ваков вид на систем.

Повеќе од половина одговориле и дека не знаат дали училишниот објект е осигуран од пожар.




На прашањето „Дали на ниво на училиште имате формирано Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации?“, скоро 60% од испитаниците имаат одговорено дека не знаат дали има вакво тело, што може повторно да се протолкува како не доволно информирање и споделување на информации на ниво на училиште меѓу вработените.

На следното прашање кое се однесува на тоа дали доколку има ваков вид на тело, кој го сочинува истото, дел од одговорите се: класните раководители; дел од вработените и директорот; хаус мајстор, службители и дел од наставниот кадар; директор и домаќин; наставници и технички персонал; службата и дел од наставниците; тим од неколку вработени; вработени од училиштето, од ТППЕ, од МВР; директор и наставници; еден од вработените и директорот.

**Информираност за План на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди**







Ако се погледнат одговорите претставени на двата претходни графикони кои се однесуваат на тоа дали вработените во училиштата се информирани дали соодветната општина има план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди и дали претставници од училиштата учествувале во некакви консултации поврзани со овие планови, карактеристично е тоа што околу 70% од испитаниците одговориле дека не знааат дали општината има вакви планови и не се запознаени дали некој учествувал како претставник од училиштето.

***Анализа на одговорите на Прашалник за Совет на родители во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаат одговорено 47 испитаници од основните училишта од трите општини кои се вклучени во овој проект, и тоа:

- Берово (ООУ „Дедо Иљо Малешевски“; ОУ „Никола Петров-Русински“)
- Кавадарци (ООУ „Димката Ангелов Габерот“; ООУ "Гоце Делчев"; ООУ " Тоде Хаџи Тефов"; ООУ „Страшо Пинџур“)
- Кочани (ОУ Раде Кратовче; ОУ „Св. Кирил и Методиј“; ООУ ,,Крсте П.Мисирков“; Основно музичко училиште „Ристо Јуруков“)

Процентуалниот сооднос на одговорените прашања е следен: Берово - 6,4% (3 одговори), Кавадарци – 42,56% (20 одговори) и Кочани – 51,6% (24 одговори).

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 93,6% од испитаниците, потоа следуваат на возраст до 29 години или 4,3%, и 2,1% од испитаниците припаѓаат на групата од 51 до 65 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од родителите/старателите се припадници на таа возрасна група.

Според полот, значителен процент од испитаниците кои одговориле на прашалникот се женски и тоа 43 односно 91,5%, а само 9,5% се мажи. Овој податок може да укажува на тоа дека поголем дел од членовите на Советот на родители се жени.

Кај сите три општини што се вклучени во истражувањето, резултатите се слични, речиси идентични.

| Општина | Бр на жени кои го одговориле прашалникот |
|---|---|
| Кавадарци | 20 |
| Кочани | 20 |
| Берово | 3 |
| Вкупно | 43 |

Според етничката припадност, најголем берој од испитаниците се изјасниле како Македонци (91.5%) или 43 од нив, 2 се изјансиле како Роми и 2 ја избрале опцијата друго, што исто така е очекуван податок затоа што општините во кои се спроведе анкетата, согласно последниот попис, се со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.
Според образованието, 2 се изјасниле дека се со основно образование, 13 со средно образование, 28 со факултетско образование, 3 со магистратура и 1 е неважечко, па оттука можеме да согледаме дека најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет и магистратура, и тоа скоро 66%, и скоро 28% се со средно образование.

**Учество во Советот на родители и ниво на информираност за училиштето**
На прашањето дали знаете колку вработени има во училиштето и колку од нив се жени, а колку мажи, карактеристично е да се наведе дека дури 36 од испитаниците или скоро 77% од членовите на Советот кои учествувале во ова истражување одговориле дека не знаат односно немаат таква информација. Ова покажува дека потребно да се воведе поголемо информирање на членовите на Советите на родители, кои треба да бидат запознаени со различните ресурски со кои располага училиштети, меѓу кои и човечките ресурси затоа што на тој начин ќе може поцелисходно да учествуваат во работата на Советите на родители.

**Ниво на информираност на членовите на Советите на родители со противпожарната заштита во училиштата во кои се спроведе истражувањето**
На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?" повеќе од 46,8% од испитаниците (или 22 испитаници) одговориле дека не се запознати каков тип на противпожарни апарати постојат.
Ако се направи споредба по општини од оние испитаници кои одговориле потврдно, однесно дека знаат каков вид на ППА постојат, податоците се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека знаат какво ППА постојат |
|---|---|
| Кавадарци | 12 |
| Кочани | 10 |
| Берово | 3 |
| Вкупно | 25 |

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, 22 од испитаниците или скоро 47% одговориле дека не знаат и не се запознати какви видови на пожари постојат. Ако земеме во предвод дека најголемиот дел на членовите од Советот на родители, доаѓаат од општата популација, тогаш до некаде можеме и да констатираме дека значител број и од населението не е запознато какви видови пожари постојат, што во случај на пожар во локалните средини, ќе се соочат со дополнителни предизвици во навремено превентивно постапување.

Во однос на тоа дали членовите на Советите на родители се запознати дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита, дури 70% одговориле дека не знаат, што исто така покажува дека е потребна поголема информираност на челновите на Советот за овие прашања кои се директно поврзани со безбедноста на децата и возрасните во училишната зграда.

На прашањето дали знаат дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, со ДА одговориле 15 испитаници или 32% од испитаниците велат дека учениците поминале одредена обука за противпожарна заштита, 12 или 25,5% одговориле дека учениците немаат поминато обука за противпожарна заштита, и најголем дел или 42,5% одговориле дека не знаат.

Ако направиме споредба помеѓу општините на испитаниците кои одговориле потврдно, односно дека учениците имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека учениците имаат поминато обука за противпожарна заштита |
|---|---|
| Кавадрци | 8 |
| Берово | 2 |
| Кочани | 5 |
| Вкупно | 15 |

Во однос на тоа дали се запознати дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат, 2 одговориле дека имало таква ситуација, 23 или 49% одговориле дека не знаат дали имало таква ситуација и со не односно дека немало таква ситуација одговориле 22 или 46,8% од испитаниците. Двата потврдни одговора доаѓаат од челнови на Советот на родители на ООУ „Раде Кратовче“ од Кочани, но на дополнителното прашање да наведат кога било тоа, нема дадено подетален одговор.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? Дури 91,5% одговориле деке немаат учествувано во идентифукување на пожар кој потенцијално би можел да биде најзастапен во соодветното училиште.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето?, дури 91,5% имаат одговорено со НЕ.

На прашањето, „Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште?“, 42,6% од испитаниците сметаат дека има доволно противпожарни апарати, 2,1% одговориле дека не доволен бројот, и значителни 55,3% одговориле дека не знаат.




На прашањето „Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно?", 48,9% одговориле со да, дека противпожарните апарати се сервисираат редовно, не одговориле – 2,1%, и 48,9% одговориле дека не знаат. Како продолжение на ова прашање, членовите на Советот на родители, беа прашани дали знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите, на што 37 испитаници или 78,7% одговориле дека не знаат кој е одговорен за серивисрање на апаратите.
Ако се направи споредба по општини, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на ППА |
|---|---|
| Берово | 1 |
| Кавадраци | 16 |
| Кочани | 20 |
| Вкупно | 37 |

На прашањето „Дали според Вас противпожарните апарати се поставени на достапни места?", 61,7% одговориле дека апаратите се поставени на соодветни места додека остатоткот од 38,3% одговориле дека не знаат дали се поставени на соодветни места.

На прашањето, „Дали според Вас противпожарниот апарат е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да ракува со него кога ќе се јави потреба?", 55,3% одговориле

дека според нив ПП апаратот е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да управува со истиот. Со НЕ одговориле 2,1% од испитаниците и 42,6% не знаат дали ПП апаратите се со соодветна тежина.




| Прашање | ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|---|
| Дали знаете дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | | | **70%** |
| Дали знаете дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | | | **42,5%** |
| Дали знаете дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат? | | | **49%** |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? | | **91,5%** | |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето? | | **91,5%** | |
| Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште? | | | **55,3%** |
| Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно? | | | **48,9%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали знаете кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите? | | | **78,7%** |

Од овие сумирани резултати на неколку од погоре наведените прашања, можеме да согледаме дека членовите на Советот на родители не се доволно информирани за противпожарната заштита во училиштата, што значи треба да се преземат активности за нивно посоодветно информирање, кое меѓу другото ќе значи и поголемо вклучување на родителите/старателите во подготвката на планови и стратегии за заштита и безбедност на ниво на училиште.

**Вклученост на членовите на Советот на родители во креирањето на противпожарната заштита на ниво на училиште**

Со цел да согледаме дали и колку членовите на Советот на родители се вклучени при дефинирањето на противпожарната заштита во училиштата и подготвеноста на училиштата за одговор при итни ситуации беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на вклученоста на членовите на Советите во вежби за евакуација при пожар во училиштето, нивна запознаеност со постоење на некакво координативно тело на ниво на училиште за планирање и одговор при итни ситуации, беа прашани и дали училиштето има формален план за заштита и спасување во случај на итни ситуации и дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или други елементарни непогоди. Воедно имаше и прашања кои се однесуваат нивната информираност за тоа дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, дали имале имале прилика да се запознаат со истиот како и дали учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди.
Подолу во табелата се издвоени покарактеристичните одговори.

| Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето? | 6,4% | 93,6% | |
| Дали знаете дали на ниво на училиште има формирано некакво координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации? | 14,9% | 2,1% | 83% |
| Дали на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации? | 46,8% | | 53,2% |
| Дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода? | 21,3% | 12,8% | 65,9% |
| Дали знаете дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 40,4% | 2,1% | 57,5% |
| Дали претставници на училиштето или Советот на родители учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 14,9% | 38,2% (не во мојот мандат) | 46,8% |


Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето?
6.4%
93.6%
ДА
НЕ


Дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода?
21.30%
12.80%
65.90%
ДА
НЕ
НЕ ЗНАМ




Од дадените одговори, сумирани погоре, резултатите од прашалникот покажуваат ограничено учество и информираност меѓу членовите на Советот на родители во врска со подготвеноста за итни ситуации во училиштето и општината. Учеството во вежби за евакуација при пожар е минимално, што укажува на недоволна практична ангажираност во активностите за подготвеност. Ова може да влијае на способноста на родителите/стрателите да реагираат ефективно во реални итни случаи.

Голем дел од родителите/стрателите не се запознаени со постоењето на координативно тело за итни ситуации на училишно ниво. Оваа недоволна информираност ја ограничува транспарентноста и го отежнува нивното вклучување во планирањето и реакцијата во итни случаи. Покрај тоа, повеќето родители/стрателите не се запознаени со постоењето на формален план за заштита и спасување, што дополнително укажува на потребата за подобра комуникација и пристапност до протоколите за итни случаи. Исто така, родителите/стрателите не се доволно информирани за системите за алармирање во училиштето за навремено известување при итни ситуации. Недоволната сигурност дека постои систем за алармирање може да влијае на довербата на родителите/старателите и на нивната поддршка за безбедносните мерки.

На општинско ниво, повеќето родители/старатели не се информирани за постоењето на планови за управување со кризни ситуации и итни случаи, што ја намалува можноста за соработка на Советот на родители во пошироките активности на заедницата за справување со итни ситуации. Дополнително, мал број родители/старатели учествувале во општински консултации за управување со кризи, што ја ограничува нивната улога во обликувањето на политиките за безбедност кои имаат влијание врз училишната заедница.

Овие наоди укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и стратегиите за вклучување меѓу училиштето, Советот на родители и општинските власти, со цел да се создаде поинформирана и подготвена училишна заедница.

***<u>ОПШТИНА КАВАДАРЦИ</u>***

Во општина Кавадарци има 5 основни училишта. Во основните училишта има вработено 84 наставници мажи и 274 наставнички (жени) а настава посетуваат 1.321 ученици и 1.515 ученички. Број на вработени во детска градинка 7 мажи и 153 жени , а во техничката служба детската градинка има 5 мажи и 35 жени. Според статистичкиот преглед на деца по пол во електронскиот дневник на детската градинка има згрижено вкупно 1.151 дете од кои 606 машки и 535 женски деца.

Број на членови на Совет на родители во основните и средните училишта се 28 мажи и 169 жени.

***<u>Анализа на одговорите на Прашалник за вработени во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата</u>***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата во општина Кавадарци**

На овој прашалник, имаме 25 одговори од основните училишта од општина Кавадарци, и тоа: (ООУ „Гоце Делчев“ – 2 одговори, ООУ „Димката Ангелов Габерот“ – 18 одговори, ООУ „Тоде Хаџи Тефов" – 4 одговори и ООУ „Страшо Пинџур“ – 1 одговор)

**Демографски карактеристики на испитаниците**

<u>Според возраста</u>, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 80% од испитаниците, потоа следуваат на возраст од 51 до 65 години или 12%, и 8% од испитаниците припаѓаат на групата до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од работоспособното население кое е вработено во училиштата е во таа возрасна група.

<u>Според полот</u>, само еден од испитаниците кои го одговориле прашалникот се мажи, а сите останати се жени. Овој податок е исто така очекуван, затоа што најголем број од кадарот вработен во училиштата се жени.

<u>Според етничката припадност,</u> скоро сите испитаници се изјасниле како Македонци што исто така е очекуван податок затоа што во општината Кавадарци, согласно последниот попис, доминантен број на граѓани кои живеат се припадници на македонската етничката заедница.

<u>Според образованието</u>, најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет, и тоа 92%, а 8% се со магистратура. Со оглед на тоа што

прашалниците се пополнувани од страна на наставниот кадар и стручните служби во училиштата, очекувано е дека сите испитаници се со минимум високо образование, кое што е потребно за тие работни места.

Според работното искуство во училиште, најголем процент се со работно искуство до 10 години односно 52% од испитаниците, 32% се со искуство од 11 до 20 години, 12% од 21 до 30 години, и само еден испитаник е со работно искуство над 31 години во училиште (во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“).

**Значење, обуки за користење на ППА и користење на ППА во училиштата**

*На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“,* потврдно одговориле 20, или 80% од испитаниците, додека пак 5 испитаници или 20% одговориле дека не се запознати каков вид на противпожарни апарати постојат. Од оние кои одговориле со „не“, три се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“, и по еден од ООУ „Гоце Делчев“ и ООУ „Страшо Пинџур“.




12 испитаници или 48% имаат одговорено дека поминале обука за користење на ППА (од кој што најголем дел се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“), а повеќе од половина односно 52% од испитаниците (односно 13 испитаници) одговориле дека немаат поминато обука за користење противпожарни апарати.

На *прашањето „Дали знаете да користите ППА?“,* карактеристично е да се подвлече дека дури 72% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, иако само 48% (видно од претходното прашање) поминале обука за користење на истите.







Но можеме да согледаме дека иако 72% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, само 8 испитаници или 32% одговориле дека се чувствуваат сигурни истиот да го користат (од кој што најголем дел се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“). Од оние кои одговориле со „не“ или „не знам“ како причини ги навеле: подолго време поминато од последната обука, не користеле до сега ППА и сл.

Ако направиме споредба на одговорите, дали сте поминале обука за користење на ППА, дали знаете да користите ППА и дали се чувстувате сигурни да користите ППА, можеме да согледаме дека не секогаш поминувањето на обука и знаењето да се користи ППА, ги прави луѓето и сигурни во себе си истите да ги користат.

Од оние што не знаат да ракуваат со ППА, скоро сите одговориле дека знаат односно се запознати кој во училиштето знае да ракува со ППА, што во ризик од пожар во училиштето би можеле брзо да делуваат и да се обратат со лицата кои знаат да ракуваат со ППА.

*Само две лица од испитаниците одговориле дека до сега биле во ситуација да користат ППА (и двете лица се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа) и тоа било на симулациска вежба и при презентирање на мерки за безбедност и заштита при работа.*

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, потврдно одговориле 21 испитаник или 84%.






Ако се погледнат одговорите на двете прашања претставени во претходните два графикона, може да се види дека процентот на одговорите е речиси идентичен 56% од испитаниците имаат одговорено потврдно односно дека имаат идентификувано на ниво на училиште кој тип на пожар би можел да биде застапен и имаат идентификувано кои делови се најкритични каде што може да настане пожар. Но 44% (најголем дел се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“) имаат одговрено дека немаат направено таков вид на анализа или пак не се запознати дека има направено таков вид на анализа на ниво на училиште. Ова покажува дека не сите вработени се соодветно и целосно информирани за мерките и активностите кои ги презема училиштето како установа за превенирање и заштита од пожар во училишниот објект и како треба да се постапува во таков случај.

**Противпожарни апарати во училиштата**

*Сите испитаници одговориле дека во училиштата има противпожарни апарати*, но 32% или скоро 1/3 од испитаниците одговориле дека не знаат дали редовно се сервисираат и повеќе од половината испитаници или 52% одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за нивно сервисирање.







Скоро сите испитаници одговориле дека апаратите се поставени на достапни места. 56% од испитаниците одговориле дека според нивно видување противпожарните апарати се со соодветна тежина и можат да ракуваат со истиот доколку за тоа се јави потреба. Но ако се направи споредба со прашањето што е погоре дали се чувствувате сигурни да користите ППА, ќе видиме дека иако 56% одговориле дека ППА се со соодветна тежина и дека би можеле да ракуваат со истиот ако се јави потреба, само 32% се чувствуваат сигурни да користат ППА.

**Симулациски вежби**

40% од испитаниците одговориле дека учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар (скоро сите испитаници се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа), и дека тоа главно се случува во училиштето во организација на општинската противпожарна единица. Најголем дел од одговорите беа дека вежбите биле во претходната учебна година.




**План за заштита и спасување и Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации**

40% од испитаниците одговориле дека на ниво на училиште имаат формирано Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации и дека истото го сочинуваат дел од вработените и директорот. Но дури 60% одговориле дека не знаат дали има вакво тело, што може повторно да се протолкува како не доволно информирање и споделување на информации на ниво на училиште меѓу вработените.

76% од испитаниците одговориле дека на ниво на училиште имаат подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации, а останатите 24% имаат одговорено дека не знаат дали училиштето има ваков план. Повеќе од половината (52%) од испитаниците одговориле дека планот им е презентиран на родителите односно на Советот на родители и истите се запознаени со истиот. Останатите одговориле дека не е презентиран или не знаат дали е презентиран. Ова може да се протолкува како не доволна запознаеност на целиот наставен кадар со плановите и програмите кои училиштети ги има за превенирање и справување со итни ситуации.

**Систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар**

Значајно е да се наведе дека скоро половина односно 48% од испитаниците одговориле дека не знаат дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар. 28% од испитаниците (5 од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, по еден испитаник од ООУ „Гоце Делчев“ и од ООУ „Тоде Хаџи Тефов“) одговориле дека училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар во училиштето, 24% одговориле (сите од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа) дека нема ваков систем. Контрадикторните одговори дадени од дел од испитаниците од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, исто така, може да укажува на тоа дека системот на внатрешно информирање во училиштата не е на завидно ниво и информациите не стигнуваат подеднакво до сите вработени во училиштата.




60% од испитаниците одговориле дека не знаат дали училишниот објект е осигуран од пожар.

**Информираност за План на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди**

Austrian Development Agency — Gender Budget Watchdog Network, for a gender equal region — Sida, Swedish International Development Cooperation Agency







Ако се погледнат одговорите претставени на двата претходни графикони кои се однесуваат на тоа дали вработените во училиштата се информирани дали соодветната општина има план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди и дали претставници од училиштата учествувале во некакви консултации поврзани со овие планови, карактеристично е тоа што околу 80% од испитаниците одговориле дека не знааат дали општината има вакви планови и не се запознаени дали некој учествувал како претставник од училиштето. Од оние кои одговориле со „да" односно дека знаат дека општината има ваков план, само двајца одговориле дека имале прилика да се запознаат со содржината на истиот и тоа еден дека за тоа е запознат преку преку социјалните мрежи, а еден дека го добил на е-маил.

**Генерални наоди**

<u>Искуство со обуки за противпожарна заштита</u>:
Иако 80% од испитаниците знаат какви видови противпожарни апарати постојат, само 48% поминале обука за нивно користење.
Сепак, 72% тврдат дека знаат да ги користат, но само 32% се чувствуваат сигурни во нивната употреба.

<u>Свесност за противпожарната заштита во училиштата</u>:
Сите испитаници потврдија дека во училиштата има противпожарни апарати, но 32% не знаат дали редовно се сервисираат, а 52% не знаат кој е одговорен за нивно одржување.
44% од испитаниците не се информирани за анализите на ризици од пожари во училиштата, што покажува дека информациите за безбедносните мерки не се соодветно споделени.

<u>Симулациски вежби и планирање за итни ситуации:</u>
Само 40% од испитаниците учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар, кои главно се организирани од општинската противпожарна единица.
60% од испитаниците не знаат дали на ниво на училиште постои Координативно тело за планирање и справување со итни ситуации.
Иако 76% потврдуваат дека постои План за заштита и спасување во итни ситуации, 24% не се информирани за неговото постоење, а само 52% знаат дека е презентиран на родителите.

<u>Комуникација при кризи и подготвеност:</u>
48% од испитаниците не знаат дали училиштето има систем за известување на родителите во итни ситуации.

<u>Планови на општината за управување со кризи:</u>
Околу 80% од испитаниците не се информирани дали општината има план за управување со кризи или дали претставници од училиштата учествувале во неговата изработка.
Само двајца испитаници биле запознаени со содржината на планот, преку е-маил или социјалните мрежи.

Од резултатите на истражувањето може да се изведат неколку заклучоци:

- Анализата на одговорите на прашалникот за постоењето и начинот на користење на противпожарната опрема во училиштата покажува значајни аспекти кои бараат внимание и подобрување.
- Иако училиштата имаат противпожарни апарати, голем број од вработените не се доволно информирани и обучени за нивното користење. Околу 52% од испитаниците не поминале обука за користење на противпожарни апарати, што создава потенцијални ризици во случај на итни ситуации.
- Значителен дел од испитаниците не знаат кој е одговорен за сервисирање на апаратите и ова може да доведе до ситуација каде што апаратите не се редовно проверувани и одржувани, што го зголемува ризикот од неисправност во случај на пожар.
- Значителен дел од вработените во училиштата не се неупатени во постоењето на планови и системи за управување со итни ситуации. Оваа неинформираност може да има сериозни последици во итни ситуации, каде што брзото и организирано дејствување е клучно.

- Иако 40% од испитаниците учествувале во симулациски вежби, потребно е да се зголеми учеството на сите вработени и да се осигура дека вежбите се вршат редовно и се обновуваат со нови практики и процедури.
- Вработените со различно работно искуство и позадина може да имаат различни нивоа на знаење и способност за управување со противпожарната опрема. Потребно е да се обезбедат персонализирани обуки кои ќе ги покриваат потребите на сите групи.
- Значителниот број на испитаници кои не знаат за постоењето на координативни тела за итни ситуации укажува на недостаток на комуникација и координација меѓу вработените и управата. Обезбедувањето на јасна структура и улоги за управување со итни ситуации ќе помогне во подобрување на ефективноста на реакцијата.

**Анализа на одговорите на Прашалник за Совет на родители во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата**

Ова истражување има за цел да ги анализира одговорите од прашалникот дистрибуиран до Советите на родители во училиштата на тема значењето на противпожарните апарати во училиштата. Истражувањето вклучи 20 испитаници од основните училишта во општина Кавадарци. Главната цел беше да се процени свесноста и разбирањето за противпожарните протоколи, со посебен фокус на користењето и одржувањето на противпожарните апарати од страна на училишниот кадар и родителите. Резултатите од прашалникот даваат увид во нивото на информираност на членовите на Советите на родители за противпожарната заштита во училиштата, достапноста на противпожарната опрема и обученоста на наставниот и техничкиот персонал да постапува во случај на пожар и сл. Оваа анализа ќе ги истакне клучните области за подобрување на едукацијата и подготвеноста за противпожарна заштита во училиштата, придонесувајќи за севкупната безбедност на учениците и персоналот. Истражувањето исто така го истражува и учеството на членовите на Советот на родители во противпожарни вежби, нивната улога во идентификување и управување со ризиците од пожар во училишните средини, нивата вклученост и запознаеност со плановите на училиштата и надлежните општини за управување со кризи, евакуации, заштита од пожари и други непогоди.

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаат одговорено 20 испитаници од основните училишта од општина Кавадарци, и тоа:

- ООУ „Димката Ангелов Габерот“ – 12 испитаници или 60% од испитаниците, од ООУ "Гоце Делчев" – 6 испитаници или 30% од испитаниците; ООУ „Страшо Пинџур“ – 2 испитаника или 10% од испитаниците. Од ООУ " Тоде Хаџи Тефов" – нема ниту еден одговор.

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, 95% од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години и само еден испитаник е на возраст до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од родителите/старателите се припадници на таа возрасна група.

Според полот, сите испитаници кои го одговориле прашалникот се жени. Овој податок може да укажува на тоа дека поголем дел од членовите на Советот на родители се жени.

Според етничката припадност, најголем број од испитаниците се изјасниле како Македонци (90%) или 18 испитаници, 1 се изјаснил како Ром и 1 ја избрале опцијата друго, што исто така е очекуван податок затоа што општина Кавадарци, согласно последниот попис, е со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.

Според образованието, 1 се изјасниле дека се со основно образование, 4 со средно образование, 13 со факултетско образование, 1 со магистратура и 1 е неважечко, па оттука можеме да согледаме дека најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет и магистратура, и тоа 70%, и 20% се со средно образование.

**Учество во Советот на родители и ниво на информираност за училиштето**

Според тоа колку време се членови на Советот на родители, 1 од 2013, 2 одговориле дека се членови од 2015 година, 2 од 2017 година, 1 од 2018 година, 3 од 2019 година, 1 од 2020 година, 2 од 2021 година, 2 од 2022 година, 5 од 2023 година, и 1 не одговорил. Од ова можеме да согледаме дека лицата кои одговориле на прашалникот се различен број на години членови на Советот на родители, но сепак позастапени се они кои се членови од 2023 година.

На прашањето дали знаете колку вработени има во училиштето и колку од нив се жени, а колку мажи, карактеристично е да се наведе дека 15 од испитаниците или 75% од членовите на Советот кои учествувале во ова истражување одговориле дека не знаат односно немаат таква информација. Ова покажува дека потребно да се воведе поголемо информирање на членовите на Советите на родители, кои треба да бидат запознаени со различните ресурси со кои располагаат училиштата, меѓу кои и човечките ресурси затоа што на тој начин ќе може поцелисходно да учествуваат во работата на Советите на родители.

**Ниво на информираност на членовите на Советите на родители со противпожарната заштита во училиштата во кои се спроведе истражувањето**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“ 20% од испитаниците (или 4 испитаници) одговориле дека не се запознати каков тип на противпожарни

апарати постојат.

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, 8 од испитаниците или 40% одговориле дека не знаат и не се запознати какви видови на пожари постојат.







Во однос на тоа дали членовите на Советите на родители се запознати дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита, дури 75% одговориле дека не знаат, што исто така покажува дека е потребна поголема информираност на членовите на Советот за овие прашања кои се директно поврзани со безбедноста на децата и возрасните во училишната зграда.

На прашањето дали знаат дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, со ДА одговориле 8 испитаници или 40% од испитаниците велат дека учениците поминале одредена обука за противпожарна заштита, 5 или 25% одговориле дека учениците немаат поминато обука за противпожарна заштита, и 7 испитаници или 35% одговориле дека не знаат.




Во однос на тоа дали се запознати дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат, 11 или 55% одговориле дека не знаат дали имало таква ситуација и со не односно дека немало таква ситуација одговориле 9 или 45% од испитаниците.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? Дури 95% одговориле деке немаат учествувано во идентификување на пожар кој потенцијално би можел да биде најзастапен во соодветното училиште. Едниот испитаник кој одговорил позитивно, има наведено дека тоа е при инсталирање на технички уреди во училиштето и е од Советот на родители при ООУ „Димката Ангелов Габерот“.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето?, дури 95% имаат одговорено со НЕ.

На прашањето, „Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште?“,  45% од испитаниците (или 9 испитаници) сметаат дека има доволно противпожарни апарати, 5% или 1 испитаник смета дека не е доволен бројот на ППА, и значителни 50% одговориле дека не знаат.




На прашањето „Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно?", 55% одговориле со да, дека противпожарните апарати се сервисираат редовно, и 45% одговориле дека не знаат. Како продолжение на ова прашање, членовите на Советот на родители, беа прашани дали знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите, на што 80% (или 16 испитаници) одговориле дека не знаат кој е одговорен за сервисирање на апаратите.







На прашањето „Дали според Вас противпожарните апарати се поставени на достапни места?", 75% (или 15 испитаници) одговориле дека апаратите се поставени на соодвентни места додека 25% ( или 5 испитаници) одговориле дека не знаат дали се поставени на соодветни места.

На прашањето, „Дали според Вас противпожарниот апарат е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да ракува со него кога ќе се јави потреба?", 15 испитаници или 75% одговориле дека според нив ПП апаратот е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да управува со истиот. 5 испитаника или 25% не знаат дали ПП апаратите се со

соодветна тежина.

| Прашање | ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|---|
| Дали знаете дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | 25% | | **75%** |
| Дали знаете дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | 40% | 25% | **35%** |
| Дали знаете дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат? | 0% | 45% | **55%** |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? | | **95%** | |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето? | | **95%** | |
| Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште? | 45% | 5% | **50%** |
| Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно? | 55% | | **45%** |
| Дали знаете кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите? | | | **80%** |

Од овие сумирани резултати на неколку од погоре наведените прашања, можеме да согледаме дека членовите на Советот на родители не се доволно информирани за противпожарната заштита во училиштата, што значи треба да се преземат активности за нивно посоодветно информирање, кое меѓу другото ќе значи и поголемо вклучување на родителите/старателите во подготвката на планови и стратегии за заштита и безбедност на ниво на училиште.

**Вклученост на членовите на Советот на родители во креирањето на противпожарната заштита на ниво на училиште**

Со цел да согледаме дали и колку членовите на Советот на родители се вклучени при

дефинирањето на противпожарната заштита во училиштата и подготвеноста на училиштата за одговор при итни ситуации беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на вклученоста на членовите на Советите во вежби за евакуација при пожар во училиштето, нивна запознаеност со постоење на некакво координативно тело на ниво на училиште за планирање и одговор при итни ситуации, беа прашани и дали училиштето има формален план за заштита и спасување во случај на итни ситуации и дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или други елементарни непогоди. Воедно имаше и прашања кои се однесуваат нивната информираност за тоа дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, дали имале имале прилика да се запознаат со истиот како и дали учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди.

Подолу во табелата се издвоени покарактеристичните одговори.

| Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето? | 5%* | 95% | |
| Дали знаете дали на ниво на училиште има формирано некакво координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации? | 10% ** | 5% | 85% |
| Дали на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации? | 35% | | 65% |
| Дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода? | 15%*** | 10% | 75% |
| Дали знаете дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 55% | | 45% |
| Дали претставници на училиштето или Советот на родители учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 10%**** | 50% (не во мојот мандат) | 40% |

** Оваа особа е од ООУ „Димката Ангелов Габерот“ и е остата особа која учетсвувала при инсталирање на техничка опрема. Во самото училиште за евакуација на ученици од ходниците и покажување на излезот за надвор*

*** Двајцата испитаници се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“*

**** Сите испитаници се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“*

***** Сите испитаници се од ООУ „Димката Ангелов Габерот“*

Од дадените одговори, сумирани погоре, резултатите од прашалникот покажуваат ограничено учество и информираност меѓу членовите на Советот на родители во врска со подготвеноста за итни ситуации во училиштето и општината. Учеството во вежби за евакуација при пожар е минимално, што укажува на недоволна практична ангажираност во активностите за подготвеност. Ова може да влијае на способноста на родителите/стрателите да реагираат ефективно во реални итни случаи. Понатаму, голем дел од родителите/стрателите не се запознаени со постоењето на координативно тело за итни ситуации на училишно ниво. Оваа недоволна информираност ја ограничува транспарентноста и го отежнува нивното вклучување во планирањето и реакцијата во итни случаи. Покрај тоа, повеќето родители/стрателите не се запознаени со постоењето на формален план за заштита и спасување, што дополнително укажува на потребата за подобра комуникација и пристапност до протоколите за итни случаи. Исто така, родителите/стрателите не се доволно информирани за системите за алармирање во училиштето за навремено известување при итни ситуации. Недоволната сигурност дека постои систем за алармирање може да влијае на довербата на родителите/старателите и на нивната поддршка за безбедносните мерки.

На општинско ниво, повеќето родители/старатели не се информирани за постоењето на планови за управување со кризни ситуации и итни случаи, што ја намалува можноста за соработка на Советот на родители во пошироките активности на заедницата за справување со итни ситуации. Дополнително, мал број родители/старатели учествувале во општински консултации за управување со кризи, што ја ограничува нивната улога во обликувањето на политиките за безбедност кои имаат влијание врз училишната заедница.

Овие наоди укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и стратегиите за вклучување меѓу училиштето, Советот на родители и општинските власти, со цел да се создаде поинформирана и подготвена училишна заедница.

***<u>ОПШТИНА КОЧАНИ</u>***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаме 32 одговори од основните училишта од општина Кочани, и тоа: (ОУ Раде Кратовче; ОУ „Св. Кирил и Методиј“; ООУ ,,Крсте П.Мисирков“; Основно музичко училиште „Ристо Јуруков“)

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 56% од испитаниците, потоа следуваат на возраст од 51 до 65 години или 37,5%, и 6,5% од испитаниците припаѓаат на групата до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од работоспособното население кое е вработено во училиштата е во таа возрасна група.

Според полот, значителен процент од испитаниците кои одговориле на прашалникот се женски и тоа 78%, а само 22% се мажи. Овој податок е исто така очекуван, затоа што најголем број од кадарот вработен во училиштата се жени.

Според етничката припадност, скоро сите испитаници се изјасниле како Македонци што исто така е очекуван податок затоа што во општината Кочани, согласно последниот попис, доминантен број на граѓани кои живеат се припадници на македонската етничката заедница.

Според образованието, најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет, и тоа 84,4%, а 9.4% се со магистратура. Со оглед на тоа што прашалниците се пополнувани од страна на наставниот кадар и стручните служби во училиштата, очекувано е дека сите испитаници се со минимум високо образование, кое што е потребно за тие работни места.

Според работното искуство во училиште, најголем процент се со работно искуство до 10 години односно 37.5% од испитаниците, 31,2% се со искуство од 11 до 20 години, 12,5% од 21 до 30 години, 18,8% над 31 години.

**Значење, обуки за користење на ППА и користење на ППА во училиштата**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“, потврдно одговориле 14, или 43,75% од испитаниците, додека пак 18 испитаници или 56,25% одговориле дека не се запознати каков вид на противпожарни апарати постојат.




Само 4 испитаници или 12,5% имаат одговорено дека поминале обука за користење на ППА (по 2 од ОУ Раде Кратовче и ОУ Св.Кирил и Методиј), а 87,5% од испитаниците одговориле дека немаат поминато обука за користење противпожарни апарати.






На прашањето „дали знаете да користите ППА?“ карактеристично е да се подвлече дека скоро за 20% повеќе испитаници одговориле дека  знаат како да користат ППА, иако не поминале обука за користење на истите. Само 44% од испитаниците одговориле дека се чувствуваат сигурни истиот да го користат, а како причини ги навеле: страв, недоволна сигурност, недоволно познавање на тоа како функционира апаратот, подолго време поминато од последната обука и сл.

Оние испитаници што одговориле дека не знаат да ракуваат со ППА, на прашањето дали се запознати кој во училиштето знае да ракува со ППА, 50% одговориле дека не знаат, што во ризик од пожар во училиштето може дополнително да ја загрози состојбата затоа што лицата кои не знаат да управуват со ППА не се запознати кој може да го направи тоа и кого треба да контактираат, што потенцијално може да влијае врз дополнително загрозување на безбедноста на луѓето во објектот и имотот.

Од испитаниците кои одговориле дека биле во ситуација да користат ППА, тоа било на симулациска вежба, при презентирање на мерки при безбедност и заштита при работа. Само еден од одговорите беше дека лицето било во состојба да користи ППА при реална ситуација на пожар односно запалено ќумбе во училница.

На прашањето „ Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, потврдно одговориле 43,8% од испитаниците.







Ако се погледнат одговорите на двете прашања претставени во претходните два графикона, може да се види дека значителен процент од испитаниицте одговориле со „не“ или “не знам“ односно имаат одговрено дека немаат направено таков вид на анализа или пак не се запознати дека има направено таков вид на анализа на ниво на училиште. Ова покажува дека не сите вработени се соодветно и целосно информирани за мерките и активностите кои ги презема

училиштето како установа за превенирање и заштита од пожар во училишниот објект и како треба да се постапува во таков случај.

**Противпожарни апарати во училиштата**

Сите испитаници одговориле дека во училиштата има противпожарни апарати, но 1/3 од испитаниците одговориле дека не знаат дали редовно се сервисираат и повеќе од 70% одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за нивно сервисирање.

78% од испитаниците одговориле дека апаратите се поставени на достапни места. 53% одговориле дека според нивно видување противпожарните апарати се со соодветна тежина и можат да ракуваат со истиот доколку за тоа се јави потреба.



Austrian Development Agency
Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region
Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY




**Симулациски вежби**

Скоро 60% од испитаниците одговориле дека учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар, и дека тоа главно се случува во училиштето во организација на општинската противпожарна единица.




**План за заштита и спасување и Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации**

Скоро 72% од испитаниците  одговориле дека на ниво на училиште имаат подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации, а останатите имаат одговорено дека не знаат дали училиштето има ваков план. 56% од испитаниците одговориле дека планот им е презентиран на родителите односно на Советот на родители и истите се запознаени со истиот. Останатите одговориле дека не е презентиран (1 испитаник) или не знаат дали е презентиран. Ова може да се протолкува како не доволна запознаеност на целиот наставен кадар со плановите и програмите кои училиштети ги има за превенирање и справување со итни ситуации.



Значајно е да се наведе дека повеќе од 60% од испитаниците одговориле дека не знаат дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар, а 16% одговориле дека нема ваков вид на систем.

Повеќе од половина одговориле и дека не знаат дали училишниот објект е осигуран од пожар.




На прашањето „Дали на ниво на училиште имате формирано Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации?“, повеќе од половина од испитаниците имаат одговорено дека не знаат дали има вакво тело, што може повторно да се протолкува како не доволно информирање и споделување на информации на ниво на училиште меѓу вработените.

На следното прашање  кое се однесува на тоа дали доколку има ваков вид на тело, кој го сочинува истото, дел од одговорите се: класните раководители; дел од вработените и директорот; хаус мајстор , службители и дел од наставниот кадар; директор и домаќин; наставници и технички персонал; службата и дел од наставниците; тим од неколку вработени; вработени од училиштето, од ТППЕ, од Мвр; директор и наставници; еден од вработените и директорот.







Ако се погледнат одговорите претставени на двата претходни графикони кои се однесуваат на тоа дали вработените во училиштата се информирани дали соодветната општина има план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди и дали претставници од училиштата учествувале во некакви консултации поврзани со овие планови, карактеристично е тоа што повеќе од 75% од испитаниците одговориле дека не знааат дали општината има вакви планови и не се запознаени дали некој учествувал како претставник од училиштето.

Од резултатите на истражувањето може да се изведат неколку заклучоци:

- Анализата на одговорите на прашалникот за постоењето и начинот на користење на противпожарната опрема во училиштата покажува значајни аспекти кои бараат внимание и подобрување.
- Иако училиштата имаат противпожарни апарати, голем број од вработените не се доволно информирани и обучени за нивното користење. 88% од испитаниците не поминале обука за користење на противпожарни апарати, што создава потенцијални ризици во случај на итни ситуации.
- Значителен дел од испитаниците не знаат кој е одговорен за сервисирање на апаратите и ова може да доведе до ситуација каде што апаратите не се редовно проверувани и одржувани, што го зголемува ризикот од неисправност во случај на пожар.
- Значителен дел од вработените во училиштата не се неупатени во постоењето на планови и системи за управување со итни ситуации. Оваа неинформираност може да има сериозни последици во итни ситуации, каде што брзото и организирано дејствување е клучно.
- Иако 59% од испитаниците учествувале во симулациски вежби, потребно е да се зголеми учеството на сите вработени и да се осигура дека вежбите се вршат редовно и се обновуваат со нови практики и процедури.
- Вработените со различно работно искуство и позадина може да имаат различни нивоа на знаење и способност за управување со противпожарната опрема. Потребно е да се обезбедат персонализирани обуки кои ќе ги покриваат потребите на сите групи.
- Значителниот број на испитаници кои не знаат за постоењето на координативни тела за итни ситуации укажува на недостаток на комуникација и координација меѓу вработените и управата. Обезбедувањето на јасна структура и улоги за управување со итни ситуации ќе помогне во подобрување на ефективноста на реакцијата.

**Анализа на одговорите на Прашалник за Совет на родители во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата**

Ова истражување има за цел да ги анализира одговорите од прашалникот дистрибуиран до Советите на родители во училиштата на тема значењето на противпожарните апарати во училиштата. Истражувањето вклучи 24 испитаници од основните училишта во општина Кочани. Главната цел беше да се процени свесноста и разбирањето за противпожарните протоколи, со посебен фокус на користењето и одржувањето на противпожарните апарати од страна на

училишниот кадар и родителите. Резултатите од прашалникот даваат увид во нивото на информираност на членовите на Советите на родители за противпожарната заштита во училиштата, достапноста на противпожарната опрема и обученоста на наставниот и техничкиот персонал да постапува во случај на пожар и сл. Оваа анализа ќе ги истакне клучните области за подобрување на едукацијата и подготвеноста за противпожарна заштита во училиштата, придонесувајќи за севкупната безбедност на учениците и персоналот. Истражувањето исто така го истражува и учеството на членовите на Советот на родители во противпожарни вежби, нивната улога во идентификување и управување со ризиците од пожар во училишните средини, нивата вклученост и запознаеност со плановите на училиштата и надлежните општини за управување со кризи, евакуации, заштита од пожари и други непогоди.

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаат одговорено 24 испитаници од основните училишта од општина Кочани, и тоа:

- ООУ „Раде Кратовче“ – 14 испитаници или приближно 58% од испитаниците, од ООУ „Кирил и Методиј“ – 9 испитаници или 37,5% и од ООМУ „Ристо Јуруков“ – 1 испитаник.

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, 91,7% од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години, еден испитаник е на возраст до 29 години и еден испитаник е на возраст од 51 до 65 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од родителите/старателите се припадници на таа возрасна група.

Според полот, 20 испитаници или приближно 83% кои го одговориле прашалникот се женски. Овој податок може да укажува на тоа дека поголем дел од членовите на Советот на родители се жени.

Според етничката припадност, најголем број од испитаниците се изјасниле како Македонци (91,7%) или 22 испитаници, 1 се изјаснил како Ром и 1 ја избрал опцијата друго, што исто така е очекуван податок затоа што општина Кочани, согласно последниот попис, е со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.

Според образованието, 1 се изјаснил дека е со основно образование, 9 со средно образование, 12 со факултетско образование и 2 со магистратура, па оттука можеме да согледаме

дека најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет и магистратура, и тоа 58,3%, и 37,5% се со средно образование.

**Учество во Советот на родители и ниво на информираност за училиштето**

Според тоа колку време се членови на Советот на родители, 2 одговориле дека се од 2015, 2 од 2017 година, 2 од 2018, 2 од 2020, 6 од 2021, 3 од 2022, 5 од 2023, 1 од 2024, 1 одговор е неважечки.

На прашањето дали знаете колку вработени има во училиштето и колку од нив се жени, а колку мажи, карактеристично е да се наведе дека 18 од испитаниците или 75% од членовите на Советот кои учествувале во ова истражување одговориле дека не знаат односно немаат таква информација. Ова покажува дека потребно да се воведе поголемо информирање на членовите на Советите на родители, кои треба да бидат запознаени со различните ресурси со кои располагаат училиштата, меѓу кои и човечките ресурси затоа што на тој начин ќе може поцелисходно да учествуваат во работата на Советите на родители.

**Ниво на информираност на членовите на Советите на родители со противпожарната заштита во училиштата во кои се спроведе истражувањето**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“ 58,3% од испитаниците (или 14 испитаници) одговориле дека не се запознати каков тип на противпожарни апарати постојат.

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, 14 од испитаниците или 58,3% одговориле дека не знаат и не се запознати какви видови на пожари постојат.




Во однос на тоа дали членовите на Советите на родители се запознати дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита, дури 70,8% (17 испитаници) одговориле дека не знаат, што исто така покажува дека е потребна поголема информираност на членовите на Советот за овие прашања кои се директно поврзани со безбедноста на децата и возрасните во училишната зграда. 2 испитаници одговориле дека немаат поминато таква обука, и 5 испитаници или 20,8% од испитаниците (сите од ООУ „Раде Кратовче“) одговориле дека имаат поминато обука.




На прашањето дали знаат дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, со ДА одговориле 5 испитаници или 20,8% од испитаниците велат дека учениците поминале одредена обука за противпожарна заштита, 7 или 29,2% одговориле дека учениците немаат поминато обука за противпожарна заштита, и 12 испитаници или 50% одговориле дека не знаат.

Во однос на тоа дали се запознати дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат, 12 или 50% одговориле дека не знаат дали имало таква ситуација, со не односно дека немало таква ситуација одговориле 10 или 41,7% од испитаниците и двајца испитаници одговориле дека имало таква ситуација. Двајцата испитаници се од ООУ „Раде Кратовче", меѓутоа и покрај дополнителното прашање да наведат кога било тоа, немаат дадено одговор.




Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? Дури 87,5% одговориле деке немаат учествувано во идентификување на пожар кој потенцијално би можел да биде најзастапен во соодветното училиште. Тројца испитаници одговориле позитивно и сите тројца се од Советот на родители при ООУ „Раде Кратовче“.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето?, дури 91,7% имаат одговорено со НЕ. Оние 2 испитаници што имаат одговорено со „да“, и покрај дополнителнито прашање да одговорат кога било тоа, немаат дадено одговор.

На прашањето, „Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште?“, 33,3% од испитаниците (или 8 испитаници) сметаат дека има доволно противпожарни апарати, и значителни 66,7% одговориле дека не знаат.




На прашањето „Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно?“, 37,5% одговориле со „да“, дека противпожарните апарати се сервисираат редовно, 58,3% одговориле дека не знаат и со „не“ одговорил еден испитаник. Како продолжение на ова прашање, членовите на Советот на родители, беа прашани дали знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите, на што 83,3% (или 20 испитаници) одговориле дека не знаат кој е одговорен за серивисрање на апаратите. Од оние кои одговориле потврдно (4 испитаници), дека знаат кој  е одговорен за сервисирање на апартите, сите се од ООУ „Раде Кратовче“.




На прашањето „Дали според Вас противпожарните апарати се поставени на достапни места?“, 45,8% (или 11 испитаници) одговориле дека апаратите се поставени на соодвентни места,

додека 54,2% ( или 13 испитаници) одговориле дека не знаат дали се поставени на соодветни места.




На прашањето, „Дали според Вас противпожарниот апарат е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да ракува со него кога ќе се јави потреба?“, 8 испитаници или 33,3% одговориле дека според нив ПП апаратот е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да управува со истиот. 15 испитаника или 62,5% не знаат дали ПП апаратите се со соодветна тежина, и 1 испитаник одговорил со „не“ и доаѓа од ООУ „Св.Кирил и Методиј“.

| Прашање | ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|---|
| Дали знаете дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | 21% | 8% | **71%** |
| Дали знаете дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | 21% | 29% | **50%** |
| Дали знаете дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат? | 8.3% | 41.7% | **50%** |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? | | **87,5%** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето? | | **91,7%** | |
| Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште? | 33% | | **67%** |
| Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно? | 37.5% | 4.2% | **58.3%** |
| Дали знаете кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите? | 16.7% | | **83.3%** |

Од овие сумирани резултати на неколку од погоре наведените прашања, можеме да согледаме дека членовите на Советот на родители не се доволно информирани за противпожарната заштита во училиштата, што значи треба да се преземат активности за нивно посоодветно информирање, кое меѓу другото ќе значи и поголемо вклучување на родителите/старателите во подготвката на планови и стратегии за заштита и безбедност на ниво на училиште.

**Вклученост на членовите на Советот на родители во креирањето на противпожарната заштита на ниво на училиште**

Со цел да согледаме дали и колку членовите на Советот на родители се вклучени при дефинирањето на противпожарната заштита во училиштата и подготвеноста на училиштата за одговор при итни ситуации беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на вклученоста на членовите на Советите во вежби за евакуација при пожар во училиштето, нивна запознаеност со постоење на некакво координативно тело на ниво на училиште за планирање и одговор при итни ситуации, беа прашани и дали училиштето има формален план за заштита и спасување во случај на итни ситуации и дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или други елементарни непогоди. Воедно имаше и прашања кои се однесуваат нивната информираност за тоа дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, дали имале имале прилика да се запознаат со истиот како и дали учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди.
Подолу во табелата се издвоени покарактеристичните одговори.

| Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето? | 8,3%* | 91,7% | |
| Дали знаете дали на ниво на училиште има формирано некакво координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации? | 12,5% ** | 5% | 85% |
| Дали на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации? | 50% | | 50% |
| Дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода? | 20,8%*** | 16,7% | 62,5% |
| Дали знаете дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 25% | 4,2% | 70,8% |
| Дали претставници на училиштето или Советот на родители учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 20,8%**** | 33,4% (не во мојот мандат) | 45,8% |

* Двајцата испитаника се од ООУ „Раде Кратовче“ и имаат наведено дека обуките биле организирани преку училиштето.
** Тројцата испитаници се од ООУ „Раде Кратовче“ од кој што двајца се оние кои имаат одговорено дека имаат учествувано во симулациски вежби. Меѓутоа и покрај дополнителните прашања, кои се однесуваат на тоа кој го сочинува ова тело и која е неговата улога, немаат дополнително одговорено на тоа.
*** Тројца испитаници се од ООУ „Раде Кратовче“ и двајца се од ООУ „Св.Кирил и Методиј“.
**** Сите испитаници се од ООУ „Раде Кратовче“

Од дадените одговори, сумирани погоре, резултатите од прашалникот покажуваат ограничено учество и информираност меѓу членовите на Советот на родители во врска со подготвеноста за итни ситуации во училиштето и општината. Учеството во вежби за евакуација при пожар е минимално, што укажува на недоволна практична ангажираност во активностите за подготвеност. Ова може да влијае на способноста на родителите/стрателите да реагираат ефективно во реални итни случаи. Понатаму, голем дел од родителите/стрателите не се запознаени со постоењето на координативно тело за итни ситуации на училишно ниво. Оваа недоволна информираност ја ограничува транспарентноста и го отежнува нивното вклучување во планирањето и реакцијата во итни случаи. Покрај тоа, повеќето родители/стрателите не се

запознаени со постоењето на формален план за заштита и спасување, што дополнително укажува на потребата за подобра комуникација и пристапност до протоколите за итни случаи. Исто така, родителите/стрателите не се доволно информирани за системите за алармирање во училиштето за навремено известување при итни ситуации. Недоволната сигурност дека постои систем за алармирање може да влијае на довербата на родителите/старателите и на нивната поддршка за безбедносните мерки.

На општинско ниво, повеќето родители/старатели не се информирани за постоењето на планови за управување со кризни ситуации и итни случаи, што ја намалува можноста за соработка на Советот на родители во пошироките активности на заедницата за справување со итни ситуации. Дополнително, мал број родители/старатели учествувале во општински консултации за управување со кризи, што ја ограничува нивната улога во обликувањето на политиките за безбедност кои имаат влијание врз училишната заедница.

Овие наоди укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и стратегиите за вклучување меѓу училиштето, Советот на родители и општинските власти, со цел да се создаде поинформирана и подготвена училишна заедница.

**ВКУПНА АНАЛИЗА НА ТРИТЕ ОПШТИНИ ВКЛУЧЕНИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**

***Анализа на одговорите на Прашалник за вработени во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата***

**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**

На овој прашалник, имаме 106 одговори од основните училишта од трите општини кои се вклучени во овој проект, и тоа:

- Берово (ООУ „Дедо Иљо Малешевски“;  ОУ „Никола Петров-Русински“)
- Кавадарци (ООУ „Димката Ангелов Габерот“; ООУ "Гоце Делчев"; ООУ " Тоде Хаџи Тефов"; ООУ „Страшо Пинџур“)
- Кочани (ОУ Раде Кратовче; ОУ „Св. Кирил и Методиј“; ООУ ,,Крсте П.Мисирков“; Основно музичко училиште „Ристо Јуруков“)

Процентуалниот соодност на одговорените прашања е следен: Берово - 46,2% (49 одговори), Кавадарци - 23,6% (25 одговори) и Кочани  – 30,2% (32 одговори).

*Напомена:* Во текстот подолу во неколку наврати се правени и компаративни согледувања на одговорите помеѓу општините, со цел да се добие појасна слика, но при анализата на одговорите мора да се има и предвид дека процентуалното учество во пополнети прашалници кај општините не е еднакво и не ја рефлектира бројноста на населението на општините, туку се базира исклучиво на бројот на одговорени прашалници по општини.

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 66% од испитаниците, потоа следуваат на возраст од 51 до 65 години или 26,4%, и 7,5% од испитаниците припаѓаат на групата до 29 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од работоспособното население кое е вработено во училиштата е во таа возрасна група.
Ако направиме споредба помеѓу општините кои се вклучени во истражувањето, можеме да согледаме дека од оние кои го одговориле прашалникот:

- Во Берово, 4 испитаници (односно 8,2%) се до 29 години, 32 испитаници (односно 65,3%) се во возрасната категорија од 30 до 50 години, и 13 испитаници (односно 26,5%) се во категоријата од 51 до 65 години.
- Во Кавадарци, 2 (8%) се до 29 години, 20 испитаници (80%) се од 30 до 50 години, 3 испитаници (12%) се во категоријата од 51 до 65 години.
- Во Кочани 2 (6,25%) се во групата до 29 години, од 30 до 50 години се 18 испитаници (56,25%), и 12 испитаници (37,5%) се во групата од 51 до 65 години.

Погоре наведените податоци за подобра прегледност се дадени подолу во табела.

| Општина | До 29 години | Од 30 до 50 години | Од 51 до 65 години |
|---|---|---|---|
| Берово | 8,2% | 65,3% | 26,5% |
| Кавадарци | 8% | 80% | 12% |
| Кочани | 6,25% | 56,25% | 37,5% |

Од податоците во табелата можеме да согледаме дека од оние кои го одговориле прашалникот наменет за вработени во училиштата, споредбено меѓу општините, најголем процент припаѓаат на старосната група од 30 до 50 години, потоа следува старосната група од 51 до 65, и најмалку застапена е старосната група до 29 години, односно вработени кои припаѓаат на категоријата млади. Исто така од податоците во табелата може да се согледа дека на ниво на поединечни општини, во општина Кочани има најголем процент на лица на возраст од 51 до 65 години кои го одговориле прашалникот, споредбено со останатите две општини.
Според полот, значителен процент од испитаниците кои одговориле на прашалникот се женски и тоа 85,8% (или 91 испитаничка), а само 14,2% се мажи (или 15 испитаници). Овој податок е исто така очекуван, затоа што најголем број од кадарот во училиштата се жени. Ако се направи споредба меѓу општините, може да согледаме дека само еден маж го одговорил прашалникот во Кавадарци, и по седум мажи го одговориле прашалникот во Берово и Кочани или 14,3% од одговорите во општина Берово се пополнети од мажи и приближно 22% од прашалниците во општина Кочани се пополнети од мажи.
Според етничката припадност, скоро сите испитаници се изјасниле како Македонци (99.1%) што исто така е очекуван податок затоа што општините во кои се спроведе анкетата, согласно последниот попис, се со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.
Според образованието, најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет, и тоа 85,8%, а 6.6% се со магистратура. Со оглед на тоа што прашалниците се пополнувани од страна на наставниот кадар и стручните служби во училиштата,

очекувано е дека сите испитаници се со минимум високо образование, кое што е потребно за тие работни места.

Според работното искуство во училиште, најголем процент се со работно искуство до 10 години односно 44,3% од испитаниците, 31,1% се со искуство од 11 до 20 години, 12,3% од 21 до 30 години, 12,3% над 31 години.

**Значење, обуки за користење на ППА и користење на ППА во училиштата**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?", потврдно одговориле 58,5% од испитаниците (или 62 испитаника), додека пак 41,5% (или 44 испитаника) одговориле дека не се запознати каков вид на противпожарни апарати постојат.

Во продолжени се дадени податоците по општини поединечно во однос на запознаеност со видови на противпожарни апарати. Па така од одговорите можеме да согледаме дека од оние испитаници кои одговориле позитивно, најголем процент доаѓаат од Берово, потоа следуваат испитаниците од Кавадарци, па испитаниците од Кочани.

| Општина | ДА | | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | број на испитаници | Процент | | број на испитаници | Процент |
| Берово | 28 | 45,2% | | 21 | 47,7% |
| Кавадарци | 20 | 32,2% | | 5 | 11,4% |
| Кочани | 14 | 22,6% | | 18 | 40,9% |
| ВКУПНО | 62 | 100% | | 44 | 100% |

Повеќе од 70% од испитаниците (72,6%) одговориле дека немаат поминато обука за користење противпожарни апарати. Само 27,4% (или 29 испитаници) имаат одговорено дека поминале ваква обука. Од испитаниците кои одговориле потврдно, односно дека имаат поминато ваков вид на обука, 13 се од Берово (или 44,83%) , 12 се од Кавадарци (или 41,38%) и 4 се од Кочани (или 13,79%).



Карактеристично е да се подвлече дека скоро за 20% повеќе испитаници одговориле дека  знаат како да користат ППА, иако не поминале обука за користење на истите. Но можеме да согледаме дека иако 46% од испитаниците одговориле дека знаат како да користат ППА, само 34% одговориле дека се чувствуваат сигурни истиот да го користат, а како причини ги навеле: страв, недоволна сигурност, недоволно познавање на тоа како функционира апаратот, подолго време поминато од последната обука и сл.
Од испитаниците кои одговориле дека се чувствуваат сигурни да користат ППА 14 се од Кочани (од училиштата ООУ Ради Кратовче и ООУ Св.Кирил и Методиј), 14 се од Берово, и 8 од Кавадарци.




Повеќе од 1/4 од испитаниците, или 28 испитаници (односно 26,4%), од оние што не знаат да ракуваат со ППА, одговориле дека не се запознати кој во училиштето знае да ракува со ППА, што во ризик од пожар во училиштето може дополнително да ја загрози состојбата затоа што лицата кои не знаат да управуват со ППА не се запознати кој може да го направи тоа и кого треба да контактираат, што потенцијално може да влијае врз дополнително загрозување на безбедноста на луѓето во објектот и имотот.
Ако направиме споредба помеѓу општини, можеме да согледаме дека од лицата кои одговориле дека не знаат кој во училиштето знае да ракува со ППА, сликата е следна:

| Општина | Процент | Бр. на испитаници |
|---|---|---|
| Берово | 53.57% | 15 |
| Кочани | 39.29% | 11 |
| Кавадарци | 7.14% | 2 |
| Вкупно | 100.00% | 28 |

На прашањето „Дали до сега сте биле во ситуација да треба да употребите ППА?“, 5 испитаници (2 од Кавадарци, 2 од Берово и 1 од Кочани) одговориле потврдно што одговара на 4,72% од испитаниците. Од испитаниците кои одговориле дека биле во ситуација да користат ППА, тоа било на симулациска вежба, при презентирање на мерки при безбедност и заштита при работа. Само еден од одговорите беше дека лицето било во состојба да користи ППА при реална ситуација на пожар односно запалено ќумбе во училница. Станува збор за ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ во Берово.

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, потврдно одговориле 62,3% од испитаниците.







Ако се погледнат одговорите на двете прашања претставени во претходните два графикона, може да се види дека процентот не одговорите е сличен односно од 40 до 50 проценти од испитаниците имаат одговорено потврдно дека имаат идентификувано на ниво на училиште кој тип на пожар би можел да биде застапен и имаат идентификувано кои делови се најкритични каде што може да настане пожар. Но повеќе од 50% имаат одговорено дека немаат направено таков вид на анализа или пак не се запознати дека има направено таков вид на анализа на ниво на училиште. Ова покажува дека не сите вработени се соодветно и целосно информирани за мерките и активностите кои ги презема училиштето како установа за превенирање и заштита од пожар во училишниот објект и како треба да се постапува во таков случај.
Ако се направи споредба по општини можеме да видиме дека од оние што одговориле потврдно дека на ниво на училиште имаат идентификувано кој тип на пожар би можел да биде најзастапен, од 44 испитаници или 41,5% од испитаниците кои одговориле потврдно, распоредот е следен:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле потврдно |
|---|---|
| Берово | 22 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци | 14 |
| Кочани | 8 |
| Вкупно | 44 |

Најзастапен е ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово со 20 позитивни одговори.

Ако пак се направи споредба по општини можеме да видиме дека од оние што одговориле потврдно дека на ниво на училиште ги имаат идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар, 52 испитаника или 49% од испитаниците одговориле потврдно, распоредот е следен:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле потврдно |
|---|---|
| Берово | 24 |
| Кочани | 14 |
| Кавадарци | 14 |
| Вкупно | 52 |

И овде најзастапен е ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово со 21 позитивен одговор.

**Противпожарни апарати во училиштата**

Сите испитаници одговориле дека во училиштата има противпожарни апарати, но 1/3 од испитаниците одговориле дека не знаат дали редовно се сервисираат и скоро 40% одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за нивно сервисирање.

Скоро 90% од испитаниците одговориле дека апаратите се поставени на достапни места. Скоро 60% одговориле дека според нивно видување противпожарните апарати се со соодветна тежина и можат да ракуваат со истиот доколку за тоа се јави потреба.

Но ако се направи споредба со прашањето што е погоре дали се чувствувате сигурни да користите ППА, ќе видиме дека иако 60% одговориле дека ППА се со соодветна тежина и дека би можеле да ракуваат со истиот ако се јави потреба, само 34% се чувствуваат сигурни да користат ППА.

**Симулациски вежби**

Повеќе од 60% од испитаниците одговориле дека учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар, и дека тоа главно се случува во училиштето во организација на општинската противпожарна единица. Најголем дел од одговорите беа дека вежбите биле во учебната 2023/24.

Ако се направи споредба по општини од оние испитаници кои одговориле дека учествувале во симулациски вежби, ќе видиме дека:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека учествувале во симулациски вежби |
|---|---|
| Берово | 36 |
| Кочани | 19 |
| Кавадарци | 10 |
| Вкупно | 65 |

Најголем број односно 33 испитаници се од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово.

**План за заштита и спасување и Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации**

74,5% од испитаниците одговориле дека на ниво на училиште имаат подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации, а останатите имаат одговорено дека не знаат дали училиштето има ваков план. Скоро 60% од испитаниците одговориле дека планот им е презентиран на родителите односно на Советот на родители и истите се запознаени со истиот. Останатите одговориле дека не е презентиран (2.1%) или не знаат дали е презентиран. Ова може да се протолкува како не доволна запознаеност на целиот наставен кадар со плановите и програмите кои училиштети ги има за превенирање и справување со итни ситуации.

Ако се погледне на ниво на општини, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации |
|---|---|
| Берово | 37 |
| Кочани | 23 |
| Кавадарци | 19 |
| Вкупно | 79 |

**Систем за алармирање и известување на родителите**

Значајно е да се наведе дека повеќе од половина од испитаниците одговориле дека не знаат дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар, а 17% одговориле дека нема ваков вид на систем.

Повеќе од половина одговориле и дека не знаат дали училишниот објект е осигуран од пожар.

На прашањето „Дали на ниво на училиште имате формирано Координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации?“, скоро 60% од испитаниците имаат одговорено дека не знаат дали има вакво тело, што може повторно да се протолкува како не доволно информирање и споделување на информации на ниво на училиште меѓу вработените.
На следното прашање кое се однесува на тоа дали доколку има ваков вид на тело, кој го сочинува истото, дел од одговорите се: класните раководители; дел од вработените и директорот; хаус мајстор , службители и дел од наставниот кадар; директор и домаќин; наставници и технички персонал; службата и дел од наставниците; тим од неколку вработени; вработени од училиштето, од ТППЕ, од МВР; директор и наставници; еден од вработените и директорот.

**Информираност за План на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди**







Ако се погледнат одговорите претставени на двата претходни графикони кои се однесуваат на тоа дали вработените во училиштата се информирани дали соодветната општина има план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди и дали претставници од училиштата учествувале во некакви консултации поврзани со овие планови, карактеристично е тоа што околу 70% од испитаниците одговориле дека не знааат дали општината има вакви планови и не се запознаени дали некој учествувал како претставник од училиштето.

***<u>Анализа на одговорите на Прашалник за Совет на родители во училиштата на тема: Значењето на противпожарните апарати во училиштата</u>***
**Број на одговорени прашалници и вклучени основни училишта во анкетата**
На овој прашалник, имаат одговорено 47 испитаници од основните училишта од трите општини кои се вклучени во овој проект, и тоа:

- Берово (ООУ „Дедо Иљо Малешевски“;  ОУ „Никола Петров-Русински“)

- Кавадарци (ООУ „Димката Ангелов Габерот“; ООУ "Гоце Делчев"; ООУ " Тоде Хаџи Тефов"; ООУ „Страшо Пинџур“)
- Кочани (ОУ Раде Кратовче; ОУ „Св. Кирил и Методиј“; ООУ ,,Крсте П.Мисирков“; Основно музичко училиште „Ристо Јуруков“)

Процентуалниот соодност на одговорените прашања е следен: Берово - 6,4% (3 одговори), Кавадарци – 42,56% (20 одговори) и Кочани – 51,6% (24 одговори).

**Демографски карактеристики на испитаниците**

Според возраста, најголем број од испитаници кои го одговориле прашалникот се на возраст од 30 до 50 години или 93,6% од испитаниците, потоа следуваат на возраст до 29 години или 4,3%, и 2,1% од испитаниците припаѓаат на групата од 51 до 65 години. Можеме да констатираме дека овој резултат е донекаде и очекуван затоа што најголем број од родителите/старателите се припадници на таа возрасна група.

Според полот, значителен процент од испитаниците кои одговориле на прашалникот се женски и тоа 43 односно 91,5%, а само 9,5% се мажи. Овој податок може да укажува на тоа дека поголем дел од членовите на Советот на родители се жени.
Кај сите три општини што се вклучени во истражувањето, резултатите се слични, речиси идентични.

| Општина | Бр на жени кои го одговориле прашалникот |
|---|---:|
| Кавадарци | 20 |
| Кочани | 20 |
| Берово | 3 |
| Вкупно | 43 |

Според етничката припадност, најголем берој од испитаниците се изјасниле како Македонци (91.5%) или 43 од нив, 2 се изјансиле како Роми и 2 ја избрале опцијата друго, што исто така е очекуван податок затоа што општините во кои се спроведе анкетата, согласно последниот попис, се со доминантен број на граѓани припадници на македонската етничката заедница.
Според образованието, 2 се изјасниле дека се со основно образование, 13 со средно образование, 28 со факултетско образование, 3 со магистратура и 1 е неважечко, па оттука можеме да согледаме дека најголем дел од лицата кои го одговориле прашалникот се со високо образование односно факултет и магистратура, и тоа скоро 66%, и скоро 28% се со средно образование.

**Учество во Советот на родители и ниво на информираност за училиштето**
На прашањето дали знаете колку вработени има во училиштето и колку од нив се жени, а колку мажи, карактеристично е да се наведе дека дури 36 од испитаниците или скоро 77% од членовите на Советот кои учествувале во ова истражување одговориле дека не знаат односно немаат таква

информација. Ова покажува дека потребно да се воведе поголемо информирање на членовите на Советите на родители, кои треба да бидат запознаени со различните ресурски со кои располага училиштети, меѓу кои и човечките ресурси затоа што на тој начин ќе може поцелисходно да учествуваат во работата на Советите на родители.

**Ниво на информираност на членовите на Советите на родители со противпожарната заштита во училиштата во кои се спроведе истражувањето**

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на противпожарни апарати постојат?“ повеќе од 46,8% од испитаниците (или 22 испитаници) одговориле дека не се запознати каков тип на противпожарни апарати постојат.

Ако се направи споредба по општини од оние испитаници кои одговориле потврдно, однесно дека знаат каков вид на ППА постојат, податоците се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека знаат какво ППА постојат |
|---|---|
| Кавадарци | 12 |
| Кочани | 10 |
| Берово | 3 |
| Вкупно | 25 |

На прашањето „Дали сте запознати какви видови на пожари постојат?“, 22 од испитаниците или скоро 47% одговориле дека не знаат и не се запознати какви видови на пожари постојат. Ако земеме во предвод дека најголемиот дел на членовите од Советот на родители, доаѓаат од општата популација, тогаш до некаде можеме и да констатираме дека значител број и од населението не е запознато какви видови пожари постојат, што во случај на пожар во локалните средини, ќе се соочат со дополнителни предизвици во навремено превентивно постапување.

Во однос на тоа дали членовите на Советите на родители се запознати дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита, дури 70% одговориле дека не знаат, што исто така покажува дека е потребна поголема информираност на челновите на Советот за овие прашања кои се директно поврзани со безбедноста на децата и возрасните во училишната зграда.

На прашањето дали знаат дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, со ДА одговориле 15 испитаници или 32% од испитаниците велат дека учениците поминале одредена обука за противпожарна заштита, 12 или 25,5% одговориле дека учениците немаат поминато обука за противпожарна заштита, и најголем дел или 42,5% одговориле дека не знаат.

Ако направиме споредба помеѓу општините на испитаниците кои одговориле потврдно, односно дека учениците имаат поминато некаква обука за противпожарна заштита, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека учениците имаат поминато обука за противпожарна заштита |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Кавадрци | 8 |
| Берово | 2 |
| Кочани | 5 |
| Вкупно | 15 |

Во однос на тоа дали се запознати дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат, 2 одговориле дека имало таква ситуација, 23 или 49% одговориле дека не знаат дали имало таква ситуација и со не односно дека немало таква ситуација одговориле 22 или 46,8% од испитаниците. Двата потврдни одговора доаѓаат од членови на Советот на родители на ООУ „Раде Кратовче“ од Кочани, но на дополнителното прашање да наведат кога било тоа, нема дадено подетален одговор.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? Дури 91,5% одговориле деке немаат учествувано во идентифукување на пожар кој потенцијално би можел да биде најзастапен во соодветното училиште.

Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето?, дури 91,5% имаат одговорено со НЕ.

На прашањето, „Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште?“, 42,6% од испитаниците сметаат дека има доволно противпожарни апарати, 2,1% одговориле дека не доволен бројот, и значителни 55,3% одговориле дека не знаат.




На прашањето „Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно?“, 48,9% одговориле со да, дека противпожарните апарати се сервисираат редовно, не одговориле – 2,1%, и 48,9% одговориле дека не знаат. Како продолжение на ова прашање, членовите на Советот на

родители, беа прашани дали знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите, на што 37 испитаници или 78,7% одговориле дека не знаат кој е одговорен за серивисрање на апаратите.
Ако се направи споредба по општини, резултатите се следни:

| Општина | Бр на испитаници кои одговориле дека не знаат кој е одговорен во училиштето за сервисирање на ППА |
|---|---|
| Берово | 1 |
| Кавадраци | 16 |
| Кочани | 20 |
| Вкупно | 37 |

На прашањето „Дали според Вас противпожарните апарати се поставени на достапни места?“, 61,7% одговориле дека апаратите се поставени на соодветни места додека остатоткот од 38,3% одговориле дека не знаат дали се поставени на соодветни места.

На прашањето, „Дали според Вас противпожарниот апарат е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал  да ракува со него кога ќе се јави потреба?“, 55,3% одговориле дека според нив ПП апаратот е со соодветна тежина да може наставниот и техничкиот персонал да управува со истиот. Со НЕ одговориле 2,1% од испитаниците и  42,6% не знаат дали ПП апаратите се со соодветна тежина.



| Прашање | ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|---|
| Дали знаете дали наставниот и технички кадар во училиштето имаат поминато обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | | | **70%** |
| Дали знаете дали учениците во училиштето имаат поминато некаква обука за користење на противпожарни апарати односно за противпожарна заштита? | | | **42,5%** |
| Дали знаете дали до сега вработените во училиштето се нашле во ситуација да треба да употребат противпожарен апарат? | | | **49%** |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, имате учествувано во идентификување која тип на пожар би можел да биде најазастапен во училиштето? | | **91,5%** | |
| Дали на ниво на училиште, како дел од Совет на родители, ги имате идентификувано најкритичните делови каде што може да настане пожар во училиштето? | | **91,5%** | |
| Дали според Вас, има доволно противпожарни апарати во Вашето училиште? | | | **55,3%** |
| Дали знаете дали противпожарните апарати се сервисираат редовно? | | | **48,9%** |
| Дали знаете кој е одговорен во училиштето за сервисирање на апаратите? | | | **78,7%** |

Од овие сумирани резултати на неколку од погоре наведените прашања, можеме да согледаме дека членовите на Советот на родители не се доволно информирани за противпожарната заштита во училиштата, што значи треба да се преземат активности за нивно посоодветно информирање, кое меѓу другото ќе значи и поголемо вклучување на родителите/старателите во подготвката на планови и стратегии за заштита и безбедност на ниво на училиште.

**Вклученост на членовите на Советот на родители во креирањето на противпожарната заштита на ниво на училиште**

Со цел да согледаме дали и колку членовите на Советот на родители се вклучени при дефинирањето на противпожарната заштита во училиштата и подготвеноста на училиштата за одговор при итни ситуации беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на вклученоста на членовите на Советите во вежби за евакуација при пожар во училиштето, нивна запознаеност со постоење на некакво координативно тело на ниво на училиште за планирање и одговор при итни ситуации, беа прашани и дали училиштето има формален план за заштита и спасување во случај на итни ситуации и дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите/старателите во случај на пожар или други елементарни непогоди. Воедно имаше и

прашања кои се однесуваат нивната информираност за тоа дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди, дали имале имале прилика да се запознаат со истиот како и дали учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди.
Подолу во табелата се издвоени покарактеристичните одговори.

| Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| Дали како дел од Совет на родители сте учествувале во симулациски вежби за евакуација при пожар во училиштето? | 6,4% | 93,6% | |
| Дали знаете дали на ниво на училиште има формирано некакво координативно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации? | 14,9% | 2,1% | 83% |
| Дали на ниво на училиште има подготвено План за заштита и спасување во случај на итни ситуации? | 46,8% | | 53,2% |
| Дали училиштето има систем за алармирање и известување на родителите во случај на пожар или друга (елементарна) непогода? | 21,3% | 12,8% | 65,9% |
| Дали знаете дали општината има неков план за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 40,4% | 2,1% | 57,5% |
| Дали претставници на училиштето или Советот на родители учествувале во некакви консултации поврзани со плановите на општината за управување со кризи, евакуација, заштита од пожари и други непогоди? | 14,9% | 38,2% (не во мојот мандат) | 46,8% |









Од дадените одговори, сумирани погоре, резултатите од прашалникот покажуваат ограничено учество и информираност меѓу членовите на Советот на родители во врска со подготвеноста за итни ситуации во училиштето и општината. Учеството во вежби за евакуација при пожар е минимално, што укажува на недоволна практична ангажираност во активностите за подготвеност. Ова може да влијае на способноста на родителите/стрателите да реагираат ефективно во реални итни случаи.

Голем дел од родителите/стрателите не се запознаени со постоењето на координативно тело за итни ситуации на училишно ниво. Оваа недоволна информираност ја ограничува транспарентноста и го отежнува нивното вклучување во планирањето и реакцијата во итни случаи. Покрај тоа, повеќето родители/стрателите не се запознаени со постоењето на формален план за заштита и спасување, што дополнително укажува на потребата за подобра комуникација и пристапност до протоколите за итни случаи. Исто така, родителите/стрателите не се доволно информирани за системите за алармирање во училиштето за навремено известување при итни ситуации. Недоволната сигурност дека постои систем за алармирање може да влијае на довербата на родителите/старателите и на нивната поддршка за безбедносните мерки.

На општинско ниво, повеќето родители/старатели не се информирани за постоењето на планови за управување со кризни ситуации и итни случаи, што ја намалува можноста за соработка на Советот на родители во пошироките активности на заедницата за справување со итни ситуации. Дополнително, мал број родители/старатели учествувале во општински консултации за управување со кризи, што ја ограничува нивната улога во обликувањето на политиките за безбедност кои имаат влијание врз училишната заедница.

Овие наоди укажуваат на потребата за подобрување на комуникацијата и стратегиите за вклучување меѓу училиштето, Советот на родители и општинските власти, со цел да се создаде поинформирана и подготвена училишна заедница.

***<u>ЗАЕДНИЧКИ ПРЕПОРАКИ ЗА ОПШТИНИТЕ</u>***

Со оглед на тоа што резултатите од истажувањето покажаа дека има значителна сличност, во продолжение се дадени заеднички препораки.

***<u>Препораки за училиштата и вработените во училиштата</u>***

- Одржување редовни обуки на вработените во училиштата за правилна употреба на ППА и запознавање со системите за евакуација. Обуките треба да се повторуваат на годишно ниво и да бидат обврзувачки за сите вработени. Во текот на обуките да се даваат повеќе можности за лицата кои се обучувани да пробаат практично како функционира апаратот, како се користи, дали и кои мерки треба да ги преземат за самозаштита во текот на користење на апаратот и сл.
- Навремено информирање на вработените за тоа кој е обучен за управување со ППА во училиштето, како треба да постапат во ситуација на пожар, кого треба да информираат, како треба да ги информираат родителите/старателите и сл.
- Воспоставување на систем за редовно информирање на вработените во училиштата (наставниот кадар, стручните служби и техничкиот персонал) за преземените мерки и активности од страна на училиштето и општината за планирање, подготовка и справување со итни ситуации
- Поставување на јасни и видливи инструкции за користење на противпожарните апарати

- Организирање редовни симулациски вежби за евакуација и управување со пожари, вклучувајќи ги сите вработени и ученици во процесот.
- Правење на редовни анализи на потенцијалните ризици и критични точки во училиштето, и информирање на вработените за резултатите и мерките што се преземаат
- Потребно е да се создаде и одржи култура на безбедност која ги вклучува сите аспекти на превенција, обука, и спроведување на безбедносни мерки во училиштата. Промовирање на свест за безбедност и редовни активности за едукација ќе го зголемат општото ниво на подготвеност.

***<u>Препораки за училиштата и Советите на родители</u>***

- Поголема едукација на членовите на Советот на родители: Потребно е да се организираат информативни сесии и работилници за родителите/старателите, фокусирани на основните принципи на противпожарната заштита, користење на противпожарни апарати, различните видови пожари, и процедурите за евакуација. Ова ќе помогне родителите/старателите да бидат посигурни и поангажирани во подготвеноста на училиштето за справување со итни ситуации.
- Редовна обука и вежби за евакуација: Редовните симулациски вежби за евакуација треба да бидат организирани не само за учениците и персоналот, туку и за членовите на Советот на родители, со цел тие да бидат запознаени со процедурите. Ова ќе помогне да се осигури дека родителите/старателите ќе бидат подготвени да реагираат заедно со училиштето во итни ситуации.
- Информирање за постоечките ресурси и противпожарна опрема: Советите на родители треба да имаат јасни информации за бројот, видот и поставеноста на противпожарните апарати во училиштето, како и за одговорните лица за нивно одржување.
- Вклученост на членови од Советот на родители во Координатовно тело за планирање, подготовка и справување со итни ситуации на ниво на училиште
- Унапредување на системите за алармирање: Училиштата треба да развијат и имплементираат ефикасни системи за известување на родителите/старателите во случаи на пожар или друга непогода. Системите за алармирање можат да вклучат автоматски известувања преку е-пошта, СМС или мобилни апликации, со цел да се обезбеди брза и навремена комуникација со родителите.
- Зголемена соработка со општинските власти: Училиштата и Советите на родители треба редовно да учествуваат во консултации со општинските власти за плановите за управување со кризи. Општината може да обезбеди дополнителна поддршка во обука, ресурси за противпожарна заштита и совети за подобрување на безбедносните мерки на ниво на училиште. Ако Советот на родители претпоставиме дека е репрезентативна група на населението, тогаш и целокупното население мора некако да се вклучи во симулациски вежби, особено од местата кои се

идентификувани како критични. Па така како дополмнителна препорака е при симулации на евакуација на учениците да се вклучат и локалните жители кои живеат во околината.

- Регуларни проверки и одржување на противпожарната опрема: Училиштата треба да обезбедат редовно одржување на противпожарните апарати и да информираат за тоа кој е одговорен за сервисирањето. Важно е оваа информација да биде достапна за членовите на Советот на родители за да се осигура дека опремата е функционална и подготвена за употреба.
- Комуникација за потенцијалните ризици и критичните зони: Членовите на Советот на родители треба да бидат вклучени во процесот на идентификување на критичните зони во училиштето каде што најверојатно би можело да настане пожар. Ова може да се постигне преку редовни инспекции или работилници кои би ги воделе стручни лица.

Анекс 1

**Законот за заштита и спасување предвидува и глоба во износ во износ од 1.000 евра во денарска противвредност** (чл.155) за прекршок што ќе му се изрече на градоначалникот и службеното лице во единицата на локалната самоуправа, ако не ги исполнат одредбите од законот (Анекс 1):

- не постапи согласно со одредбите од членот 35 на овој закон; односно
- не постапи согласно со одредбите од членот 36 на овој закон; односно доколку во заштитата и спасувањето општините од Градот Скопје не соработуваат и не постапуваат по насоките од Градот Скопје.
- не постапи согласно со одредбите од членот 51 на овој закон; односно доколку органите на единиците на локалната самоуправа не изработат Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности; не ги вградат предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа; не го уредат просторот и изградбата на објекти, во функција на заштита и спасување; не воспостават организација и систем потребни за заштита и спасување; и не обезбедат материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.
- не постапи согласно со одредбите од членот 53 и 54 на овој закон; односно не се применат мерките за заштита и спасување 1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите; 2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообракај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и 3) при изградба на објекти и инфраструктура.
- не постапи согласно со одредбите од членот 56 на овој закон; односно доколку за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, не обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.
- не постапи согласно со одредбите од членот 58 на овој закон; односно доколку не преземат активности и мерки за заштита и спасување кои задолжително се преземаат во случај на непосредна опасност како: 1) прибирање на податоци за можната опасност; 2) ставање во функција на системот за врски и известување на учесниците во заштитата и спасувањето; 3) известување на граѓаните и на надлежните и одговорните лица задолжени за заштита и спасување; 4) зголемена готовност и активирање на надлежните органи на државна управа, надлежните институции и на силите за заштита и спасување; 5) обезбедување на јавниот ред и мир во загрозеното подрачје и 6) преземање на други мерки поврзани со заштитата и спасувањето
- не постапи согласно со одредбите од членот 59 на овој закон; односно доколку не преземат активности и мерки кои задолжително се преземаат за време на опасноста како: 1) самозаштитни активности на граѓаните и правните лица; 2) употреба на силите за заштита и спасување; 3) спроведување на евакуација и згрижување на населението и материјалните добра; 4) преземање на мерки и активности за спречување на ширењето на опасноста и последиците од нив и 5) раководење и командување со сите учесници во заштитата и спасувањето.
- не постапи согласно со одредбите од членот 60 на овој закон; односно доколку не преземат

активности и мерки кои задолжително се спроведуваат за отстранување на последиците како: 1) процена на штетите и последиците; 2) санација на подрачјето зафатено со несреќата; 3) обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното и настраданото население; 4) спроведување на здравствени и хигиено-епидемиолошки мерки; 5) спроведување на мерки за заштита на животните и растенијата и производите од нив и 6) организирање на снабдувањето и на комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот.

- не постапи согласно со одредбите од членот 62 на овој закон; односно доколку не испланираат јавни засолништа во програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, и истите не се вградени во урбанистичките планови.

- не постапи согласно со одредбите од членот 64 на овој закон; односно доколку единиците на локалната самоуправа не ја почитуваат обврската да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

- не постапи согласно со одредбите од членот 75 на овој закон; според овој член се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати. Исто така се должни да донесат правилник за заштита од пожари и експлозии на кој согласност дава Дирекцијата. Уредите, инсталациите, опремата и средствата задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба.

- не постапи согласно со одредбите од членот 76 на овој закон; односно единиците на локалната самоуправа заедно со останатите набројани субјекти во законот, се должни потребниот проток и притисок на вода за гаснење на пожари да го обезбедат со изградба на бунари, резервоари, изведба на патишта до изворите за вода или на друг соодветен начин. Јавното претпријатие или трговското друштво што стопанисува со водоводната мрежа во населено место е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и редовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската мрежа, а најмалку еднаш годишно во најкритичниот период, како и да ја стави на располагање техничката документација на противпожарната единица на неговото подрачје.